ПРЕКУ 200,000 ПРИМЕРОЦИ НА 8 ЈАЗИЦИ



# Храна за Верата

*Библиски прирачник*

*РИЧАРД А. БЕНЕТ повеќе од четириесет и пет години служел во цркви, на конференции и библиски колеџи низ Америка, Канада, Европа и Африка. Во текот на дваесет години, неговите библиски поучувања биле емитувани редовно на пет континенти од мисионерските радио станици на Транс Ворлд Радио и телевизиската корпорација Фар Ист. Со својата служба, Ричард и неговата сопруга, Дороти, искрено сакаат да им помагаат на луѓето кои Го познаваат воскреснатиот Господ Исус Христос на поинтимен начин.*

„За најголема корист, духовната храна мора да биде вреднувана, соодветна и прифатена. Д-р Бенет ни покажува како се одвива овој процес."

*Д-р Стивен Ф. Олфорд*



DOMINE SALVA REX

ISBN 9989-2082-2-0

9 789989 208225

MAC

Храна за Верата

Ричард А. Бенет

# Храна за Верата



Ричард А. Бенет

Originally published in English as
*Food for Faith* by Richard A. Bennett.
© 1998 by Cross Current International Ministries.
English edition published by
Providence House Publishers, Franklin, Tennessee, USA.

© 2002 by Cross Current International Ministries
for the Macedonian edition.
Translated by permission. All rights reserved.

Наслов на оригиналот: Food for Faith

Автор: Richard A. Bennett

Превод: Елвир Арнаутовиќ

Обработка: Јован Јоновски

Издавач: ЈОНОВСКИ Ј. во соработка со Cross Current International Ministries
и Operation Mobilisation

© 2002 Cross Current International Ministries. Сите права задржани.

Преведено со дозвола.

Печати: МАРИНГ

CIP - Каталогизација во публикации,
Народна и универзитетска Библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

22 (02.062)

БЕНЕТ, Ричард А.

Храна за верата / Ричард А. Бенет; (превод Елвир Арнаутовиќ). – Скопје:
Јоновски Ј., 2002. – 97 стр. 21 см

Превод на делото: Food for Faith / Richard A. Bennett

ISBN 9989-2082-2-0

а) Христијанство – Духовен живот – Упатства – Популарна литература

COBISS-ID 50747914

Во името на нашиот Господ Исус Христос, оваа книга е посветена со љубов на секој соработник, кој толку верно работеше со мене и мојата сопруга во службата во *Gospel through Cross Currents International Ministries*.

Храна за верата е веќе издадена на арапски, француски, германски, унгарски, корејски, португалски и руски јазик, како мисионерски подарок од *Cross Currents International Ministries*. Се очекуваат и други мисионерски преводи и изданија.

**www.ccim-media.com**

# *Предговор*

Привилегија е да се коментира новиот наслов на д-р Ричард А. Бенет, „Храна за Верата”. Тоа е вреден следбеник на неговата претходна книга „Твојата потрага по Бог”. Човек не може да дојде пред Бог без вера (Евреи 11:6) и не може да живее за Бог без вера (Римјани 1:17). За да стане верата возможна, треба претходно да се храни (Римјани 10:17) постојано (1 Петар 2:1-3; Евреи 5:12-14). Господ Исус завршил со материјалното кога изјавил: *„Човекот не ќе живее само од леб, туку од секој збор што излегува од устата на Бог”* (Матеј 4:4). Порано, Јеремија го потврдил својот принцип кога напишал: *„Ги најдов зборовите Твои и ги проголтав; Твоето слово ми беше за радост и веселба на срцето мое; оти името Твое е прозивано врз мене, Господи Боже Саваот”* (Јеремија 15:16).

За максимална придобивка, духовната храна мора да се цени, да биде соодветна и потоа да се конзумира. Д-р Бенет ни покажува на кој начин овој процес се случува во нашето „заедништво” со Бог. Во врска со ова, глава 8 ќе биде од особена помош.

Во денот на световниот хуманизам, кога на просечниот христијанин му се пере мозокот со размислувањето дека може да живее за Бог без целосната зависност од верата во присуството на Христос (Галати 2:20), книгата како „Храна за Верата” е порака од небото за сите нас. Бог нека ја благослови службата на оваа книга, додека се простира по својата мисија.

Д-р Стивен Ф. Олфорд
Основач и претседател
Институт за библиско проповедање
Мемфис, Тенеси

# *Вовед*

Храна за верата навистина ја следи „Твојата потрага по Бог", книга која ја напишав кога јас и жена ми ѝ се приближувавме на дваесет и петтата годишнина од нашиот брак. Тогаш сакавме да ја изразиме нашата благодарност кон Бога со пишување, печатење и издавање на ова претходно претставување на пораката на евангелието.

Првото издание на „Твојата потрага по Бог" беше во дваесет и пет илјади копии. Од тогаш, на Бог Му беше угодно да ја благословува нашата љубовна жртва кон Него на зачудувачки начин.

Денес повеќе од два милиони копии се разделени по светот на повеќе од триесет јазици и побарувачката на оваа книга продолжува да расте. Најголема радост ни преставуваше кога слушавме извештаи, од многу делови на Земјата, за луѓе кои што се нановородиле како резултат од читањето на оваа книга.

Подоцна се спремавме да ја прославуваме триесет и петтата годишнина од нашиот брак! За време на тековните години, се отворија вратите за евангелието, а со тоа и за делење на „Твојата потрага по Бог", на начини за кои пред десет години не можевме ниту да сонуваме. И така, не можевме да видиме подобар начин за да ја изразиме нашата голема љубов и благодарност кон нашиот небесен Татко, отколку со печатење и издавање на „Храна за Верата". Како што Бог ја благословува „Твојата потрага по Бог", така нека ја употреби и втората книга, за да им помогне на многу луѓе кои наоѓаат нов живот во Христос, како овде, така и во земјите низ светот.

Но „Храна за Верата" не е само продолжение на „Твојата потрага по Бог". Јас и Дороти веруваме дека таа ќе му биде од голема помош на секој верник кој копнее по поблиско заедништво со Господ. Книгата беше напишана со искрена молитва секој што ја чита да најде посебна помош и охрабрување во својот

христијански живот.

„Храна за Верата” не е планирана да се чита на обичен начин, ниту пак да се прочита, а потоа да се остави на страна. Откако внимателно ќе се прочита, треба да се има при рака како референтен прирачник. Како што ќе ги применуваме принципите од оваа книга во нашите животи, така ќе научиме како да развиваме постабилно и поблиско заедништво со Бог.

Многу од нас сметаат дека е паметно повремено да се оди на контрола кај лекар. За да го направиме ова, вложуваме пари и малку време. Точната дијагноза на кој било физички проблем и соодветната терапија многу ќе зависат од почетните прашања кои ќе ги постави лекарот. Исто така, и за христијаните е важно да имаат повремено духовен „преглед”. И сè што е потребно тука е голема искреност како и вложување на време кога се одвојуваме на страна за да бидеме на само со Бог! На крајот од ова глава предложени се неколку помошни прашања како основа на твојата „духовна контрола”. Некое од овие прашања може да те натера да се чувствуваш неудобно. Те молам, запомни дека при физичкиот преглед местото кое е најболно за преглед е обично местото каде што се наоѓа проблемот!

При пишувањето на оваа книга, бев потсетен на еден инцидент кој ми го кажа еден пријател, др. Ј. Едвин Ур. Тој раскажува за еден познат говорник кој бил поканет да им се придружи нему и на други одбрани христијаниски водачи, на еден важен национален собир, што бил свикан посебено за посредничка молитва. Но, неименуваниот говорник кого го повикал Едвин, љубезно ја одбил поканата и објаснил дека бил премногу зафатен за да присуствува на долги состаноци. Истовремено, во истото писмо ставил додаток каде кажува дека имал многу добра порака за молитва и би му било мило да дојде и да проповеда на таков состанок! Моето срце е премногу свесно колку е полесно да се пишува или да се проповеда за молитвата, отколку навистина да се моли. Затоа јас не пишувам како експерт, туку како една гладна личност која им кажува на други гладни луѓе каде можат да најдат леб.

Мојата сопруга Дороти не само што ми беше големо охрабрување при пишувањето на „Храна за Верата”, туку и уште поважно, постојано сакаше да ме заштити и да ме охрабрува во моето време со Бог. Јасно се сеќавам на една од молитвите на Ц. Т. Стад, според која се молев пред да ја сретнам Дороти. Отприлика беше вака: „Господи, ако имаш жена за мене, нека ми биде охрабрувач кога ќе бидам искушуван да се откажам.”

Каква чест, што сум оженет за таква жена. Слава Му на Господа!

Сега поминаа повеќе од педесет години, од кога мојот „татко” во Христа, д-р Стефан Олфорд ме доведе до Спасителот. Многу сум благодарен, што во тоа време Стефан сподели со мене за големата важност на редовниот час за читање Библија и молитва.

Многу од мислите, изразени во оваа книга доаѓаат од моето лично размислување за Божјиот Збор. Има други вистини, превземени од библиските ставови и многу избрани Божји слуги, кои Господ милостиво ги донесе на мојот пат. Иако овие мажи и жени се многубројни за да ги истакнам во малото и практично издание како што е ова, за секој еден од нив Го славам Господ.

Преку издавањето на „Храна за Верата”, за возврат можам да ја послушам заповедта која Павле му ја дал на својот син по вера, Тимотеј: *„И она што го имаш слушнато од мене пред многу сведоци, довери им го на доверливи луѓе, кои исто така ќе бидат способни да поучуваат и други!”* (2 Тимотеј 2:2).

Иако оваа книга беше напишана за да им помага на верниците да уживаат во стабилното заедништво со Господ Исус, ќе има и такви кои ќе ги читаат овие страници, а сѐ уште не ја спознале радоста, проштевањето на гревовите и прекрасната сигурност на вечниот живот. Ако си ти таква личност, те молам отвори ја Библијата на Евангелието по Јован. Таму ќе прочиташ како ова евангелие може да ти помогне: *„А овие се запишани, за да верувате дека Исус е Христос, Божјиот Син, и верувајќи да имате живот во Неговото име.”* (Јован 20:31).

*„Колку се слатки за грлото мое зборовите Твои, послатки се од мед во устата моја. ... Затоа ги засакав заповедите Твои и од топаз и од злато повеќе."*

*(Псалм 119:103, 127)*

ГЛАВА

1

# Дневна радост

Неодамна една многу добра госпоѓа, христијанка, искрено побара: „Те молам моли се за да можам да имам поблиско заедништво со Господа.” Да, има различни нивоа на блискост во дружењето меѓу луѓето. А тоа е особено точно за христијаните во нивното заедништво со Господ Исус Христос.

Дури и во човечките врски, вистинското заедништво или емоционалните врски можат да цветаат само кога се придружени со обединување на волјите; споделување на мерките на вреднување, искрена и отворена комуникација и исто мислење.

На пример, јас и мојата сопруга, Дороти, неодамна примивме писмо кое и на двајцата ни донесе огромна радост. Беше пратено од двајца африканци. Пишуваше: „Вчера го донесовме нашето бебенце Дороти од болница; како и нејзината истоименичка, таа се роди на време. Бебето Дороти се роди лесно и тежеше 3 кг.” Каква радост за нив и за нивното семејство.

Колку е лесно да се идентификуваш со радоста на гордите родители, кога внимателно го носат своето новороденче дома. А радоста продолжува и кога детето расте. Се загледуваме со уживање, кога бебето за прв пат се обидува да клоцне или да се насмее! Малите палчиња, свитканите коленца, првиот чекор и потоа возбудувачкиот момент кога ќе го слушнеме првиот збор „тато” или „мама.”

А новото бебе, со целиот свој потенцијал за растење, е чудо надвор од човечкото разбирање. Па дури и почудесна е личноста која штотуку се родила повторно — некој кој го направил првиот чекор на патувањето од духовно раѓање до духовна зрелост.

Но, за жал, животот не секогаш ја следи патеката од радоста на раѓањето, до целосното исполнување на зрелоста. За жал, истата недела кога го примивме писмото за раѓањето на бебето Дороти, јас и жена ми слушнавме дека дваесетиедно годишната ќерка на

долгогодишните пријатели во Синсинати, Охајо, умрела. Трагично, во својата дваесет и прва година, таа никогаш не го помина детството, ниту ментално, ниту физички, ниту социјално. Иако нејзините родители ѝ го дале името Керол Џои (песна на радост), кога умре Керол сè уште беше бебе — дваесетиедно годишно бебе! Нејзиниот потенцијал да разговара со родителите беше мал, нејзиниот животен пат беше драстично уништен.

И како што Керол никогаш не го помина детството, се чини дека денес многу луѓе во црквата не се развиле повеќе од духовните бебиња. Иако можеби биле христијани многу години, тие всушност не пораснале вистински во Господ. Но сепак Бог дал духовна храна, која доколку добро се свари, ќе го стимулира духовниот растеж во животот на секое нановородено Божјо дете.

Библијата е Божјата храна за твојот христијански живот, за да не бидеш духовно неразвиен. Ако треба да пораснеш од духовната љубопитност на бебе до духовната стабилност на дете и на крај кон духовната зрелост на возрасен, треба секојдневно да примаш храна од Божјиот Збор, Библијата. А Божјата цел за читање на Библија е повеќе од должност; целта е таа да биде освежувачко уживање во животот на секој гладен христијанин, кој зема дел од храната, подготвена од Бог.

Да, Божјиот Збор ќе биде извор на постојано и растечко уживање, откако ќе научиш како да го примаш, како сопствена духовна храна.

Во пророкот Исаија, Бог милостиво ги поканува сите кои се гладни и жедни за духовна храна, да јадат со Него на Неговата славеничка маса:

> *„Вие што жедувате, дојдете сите при водите; дури и вие кои немате сребро, дојдете, купувајте и јадете ... Зошто да давате сребро за она, што не е леб, и заработката своја — за она, што не наситува? Послушајте Ме внимателно и јадете, што е добро и душата ваша нека се наслади со мрс. Приклонете го увото и дојдете при Мене; послушајте и душата ваша ќе биде жива..."* (Исаија 55:1-3)

Бидејќи многу луѓе изгледа не разбираат како да примаат храна за својата вера додека директно читаат од Божјиот Збор, полесно им е да читаат книги за Библијата отколку да ја читаат Библијата. Оваа книга што е во твоите раце, нема намера да ја објасни Библијата, туку да те охрабри да ја читаш Библијата на таков начин што самата ќе ти се објасни! Како резултат на тоа, сè повеќе ќе уживаш во животот на јасно и блиско заедништво со твојот Небесен Татко.

Честопати сум им рекол на луѓето кои штотуку почнуваат да ја читаат Библијата како храна за својата вера:

**Читај го тоа што го разбираш и наскоро можеби ќе дојдеш до нешто што не го разбираш. Продолжи да читаш. Не многу потоа ќе дојдеш до нешто што разбираш. Постепено, тоа што го разбираш ќе ти помогне да го разбереш тоа што не го разбираше!**

Дали ова има смисла? Со други зборови, никогаш не се откажувај.

Насекаде низ светот — во училници, во сали и во библиотеки — луѓето земаат академски информации кои им даваат многу „храна за знаење". Ако ние на ист начин, на Библијата ѝ пријдеме како на религиозен текст, сè што ќе примиме ќе биде тоа — храна за знаење. Но Библијата нè предупредува: *„Знаењето вообразува, а љубовта изградува"* (1 Коринќани 8:1).

Да, доколку не разбереме како да го свариме Божјиот Збор, дури и знаењето на Библиската вистина може да нè вообрази со интелектуална гордост, а не да нè изгради во духовниот живот. Наместо да собираме само знаење, додека поминуваме време со нашиот Господ, треба да примиме храна од неговата славеничка маса, што ќе ни даде „Храна за Верата".

Како необичен контраст, за оние кои ја читаат Библијата само како академска вежба, се многуте радосни верници, кои ја откриле тајната на читањето на Божјиот Збор, така што тоа станува практичен и жив извор на вистинска духовна храна во нивните животи. Овие христијани ја чувствуваат растечката реалност на животот во заедништво со Бог, и во тој процес го откриваат патот на вистинското славење и плодната служба.

Секојдневниот пристап кон Бог, со доверба и индивидуално со отворена Библија и отворено срце, е прекрасна привилегија на секој нановороден христијанин.

Прашањето кое можби го поставуваш е: Кој е најдобриот начин да се чита Библија за таа да ја негува мојата душа и да ми овозможи да растам во љубовта и познавањето на нашиот Господ Исус Христос? Тајната е во она што ние го викаме „Време на заедништво".

Време на заедништво е двонасочен разговор со нашиот жив Господ. Преку Неговиот Збор, Библијата, Бог им зборува на Своите деца. Како што одговараме точно и лично на она што Бог Го вели, така ќе учиме како библиски да се молиме со вера на очекување.

Кога зборувам за „библиска молитва", мислам на буквално користење на зборовите од Писмото, кое го читаме кога Му

одговараме на нашиот Господ во молитва. Да се молиме Библиски, значи да уживаме во растечката сигурност од молитвата, во согласност со Божјата волја.

Додека Светиот Дух ни го оживува Божјиот Збор, ги употребуваме истите зборови од Писмото и ги поврзуваме со грижите, што можеби ни се на срце. Молењето на овој начин ќе нè избави од стереотипни молитви. Наместо тоа, кога се молиме библиски, ќе уживаме во привилегирано заедништво со Господа кога влегуваме во растечко разбирање за Неговите грижи и цели за нашиот живот.

Вистинската молитва не е потчинување на Божјата волја на мојата, туку е потчинување на мојата волја на Божјата. Откако Исус Навин чудесно ги извел децата на Израил преку реката Јордан, за време на пролетните поплави, тој сретнал еден непознат „човек". Исус Навин знаел дека во Канаан, наредбата од Бог била да се освои земјата и да се исчисти од паганските обичаи. Затоа, Исус Навин го прашал овој туѓинец, кој имал извлечен меч во раката: „Дали си со нас или со нашиот непријател?" Чудниот одговор, што го добил Исус Навин бил „Не!" или односно „Со никого". Од овој одговор, Исус Навин претпоставил дека туѓинецот нема да избере страна. Тогаш, дошле зборовите кои го појасниле одговорот, даден од туѓинецот: „Но јас дојдов како командант на Господовата војска."

Во тој момент, Исус Навин со право сфатил дека наместо избор на страна, туѓинецот ќе ја превземе контролата! Паѓајќи на лице, како знак на неговата предаденост, Исус Навин знаел дека е во присуство на командантот на Господовата армија. *„Бидејќи месшошо каде шшо сшоиш е свешо."* (Исус Навин 5:13-15).

Исто и во нашето време на молитва, не треба да Му го изнесуваме нашиот план на Бог и потоа да бараме од Него да биде со нас, но наместо тоа, да се поклонеме во Неговото свето присуство и да се прилагодиме на Неговите планови, Неговите цели и Неговата сила.

И така, да се молиш библиски значи да се молиш во согласност со целта и волјата на Бог. А ова подредување на нашата волја на Божјата, може да биде растечко искуство за секој еден од нас, додека учиме како да бидеме во сојуз со Божјото Слово кога се молиме.

Да, кога ја читаш Библијата со молитва, со вистинска желба да Го слушнеш Бог, *„ќе расшеш во милосша и йознавањешо на нашиош Госйод и Сйасишел Исус Хрисшос"* (2 Петар 3:18).

Како што веќе заклучивме, Исаија кажал дека кога ќе ги изостриме ушите за да го слушнеме Божјиот глас, тогаш навистина уживаме во она што Тој ќе ни Го каже.

**Духовен преглед**

1. Колку време помина откако сум нановороден христијанин?
2. Дали некогаш сум имал поблизок однос со Бог отколку сега?
3. Споредувајќи го мојот живот денес со оној од пред пет години:

   Дали поминувам повеќе време насамо со Бог?

   Дали подобро можам да го разликувам Божјото водство од сопствените желби?

***Господе, научи ме да слушам. Бучно е и ушите ми се уморни од илјадниците груби звуци кои постојано ги навредуваат. Дај ми го духот на момчето Самуил кога ти рече: „Зборувај Господе бидејќи Твојот слуга слуша." Дај ми да Те слушам во срцето. Дај ми да се навикнам на звукот на Твојот глас, неговите тонови да ми бидат познати кога звуците на земјата ќе умрат и единствениот звук ќе биде музиката на Твојот глас. Амин.***

***А. В. Тозер***

ГЛАВА
2

# Главата и срцето

Пред неколку години, во северниот дел на Кенија, јас и Дороти, мојата сопруга, имавме привилегија да поучуваме од Божјото Слово, на собирот на националните пастори и нивните сопруги. Со цел да пристигнат до 19 часот, навреме за вечерната богослужба, некои од пасторите морале да тргнат од четири часот наутро. Водени од големата желба да научат повеќе за Библијата, тие тргнале на долг заморен пат, под жешкото екваторско сонце кое ја уништи земјата преку суша и глад.

За нас беше големо изненадување откритието дека помеѓу шеесет и седумдесет проценти од пасторите немаа Библии. Иако многу од овие посветени водачи беа обратени само околу две до три години, прекрасните сведоштва помеѓу нивниот народ беа употребени од Бог за раѓање на многу мали цркви во Африка.

На почетокот од нашата конференција можевме да им дадеме Библии на сите пастори. Потоа продолжив со неколкудневните поуки. Мојата тема беше: „Сега кога имате Библија во рацете, тоа нема да ви биде на благослов, ако од рацете не ви влезе во главите! Но дури ни тоа нема да ви го донесе целиот благослов, што Бог сака да ви го даде во овие денови. Само откако Библијата ќе почне да живее како Божјо Слово во вашите срца, оваа конференција ќе ви биде благослов кој трае. Многу е важно да научите како Библијата да ја пренесете од рацете во главата, а потоа од главата во срцето.”

Неодамна, во Англија, ја видов куќата во која живеев кога се обратив кон Исус, во моите доцни тинејџерски години. Блиску од нашиот дом имаше улична светилка под која четиринаесет годишното момче, Боб Флинт, исто така Го прими Христос. Обраќањето на Боб сосема му го промени животот. Во тоа време младиот Боб не беше кој знае каков ученик, бидејќи веќе го беше напуштил училиштето и работеше како ѕидар.

Но наскоро, откако Боб стана христијанин, бев во можност да го

убедам секој ден да ја чита Библијата пред да оди на работа. Иако Боб воопшто немаше црковна позадина, тој научи како да го негува својот духовен живот, лично дружејќи се со Божјото Слово во заедничкото време.

Беше мало чудо кога Боб, на седумнаесет годишна возраст, кога се запиша во библиско дописно училиште, добил највисоки оцени за неговото проучување на книгата на Даниел! Бев многу возбуден кога подоцна слушнав дека заминувајќи во војска, на осумнаесет години, продолжил во својата ревност за Господ. Всушност за време на првите осум месеци во војска, тој лично се молел со секој од седумнаесетте војници во неговата барака, кога тие еден по еден Го побарале Христос. И кога завршил со воената обврска, Боб почувствувал дека е повикан за обука за мисионер. Додека летал кон својата последна задача во Германија, неговиот воен авион паднал и Боб бил повикан дома, за да биде со својот Господ.

Покрај местото каде што се срушил авионот, од ранецот на Боб биле расфрлани трактати за евангелието низ германската земја! Да, Божјиот Збор од рацете на Боб дошол во неговата глава, а потоа од главата во срцето, па на крај од неговото срце и во срцата на други. Кога умрел Боб, тој едноставно бил повикан од живо земно заедништво со својот Господ во многу поубаво заедништво на Божјото присуство!

Многу луѓе како Боб имаат готов пристап до материјал за Библиски поуки и обука кои можат да ги охрабрат во нивниот христијански чекор. И за разлика од тие ревносни африкански пастори многумина од нас не мора да патуваат петнаесет часа за да слушнат поуки од Божјото Слово. Но, какви и да ни се околностите, треба да знаеме како да го промениме — да, да го промениме библиското знаење во искуство на срцето.

Лично, Му благодарам на Господ што порано во мојот христијански живот ми ја покажа разликата од формално проучување на Библијата и времето на заедништво. Иако вклучувањето и на главата и на срцето се основни, во нашиот приод кон Божјото Слово, важно е да се сфати дека знаењето од главата без посветеноста од срцето, нема да води кон духовен растеж.

## *ГЛАВАТА*

**Библиска лекција: нејзината цел и нејзините проблеми.**

*„Труди се да се покажеш себеси проверен пред Бога како работник, кој не треба да се срами, кој правилно го образложува (разликува)*

*словото на вистината!"* (2 Тимотеј 2:15). Да се проучува Библијата, а со тоа и запознавањето на нејзините содржини, само по себе е возбудлива и неопходна инвестиција на време за секој христијанин. Штом е можно, искористи ја предноста на службите и поуките од добар пастор или библиски учител, и библиските коментари кои ти се на располагање нека ти помогнат да станеш умствено близок со Божјото Слово. Таквите информации за контекстот многу ќе ти помогнат кога ќе се тргнеш настрана за твојот час на заедништво.

На крај, пасторите — учители, се дел од Божјиот дар на Неговата црква. Најголемата служба на пасторот е да ги поучува верниците на содржината, контекстот и околностите од различни книги во Библијата, глава по глава и книга по книга. Од таа рамка, пасторот треба да го охрабрува своето стадо на живот во побожност, состојба на внатрешно задоволство и грижа за душите кои гинат.

Пред мене имам запис од пет проповеди, одржани од таков пастор. Пред неколку години, пасторот Вилијам Стил ги одржа овие проповеди на Универзитетската теолошка студентска конференција. По повеќе од четириесет и пет години служба во една црква во Абердин, Шкотска, тој сѐ уште беше жив и витален како порано. И без сомневање, неговата пасторска служба отиде многу подалеку од таа црква во Шкотска. Дури и денес, мала армија обратени луѓе и други на кои влијаеле неговите проповеди и поуки Му служат на Христос буквално низ цел свет. На предавањата на неговите универзитетски студенти, пасторот Стил рече:

> Пасторот е повикан да ги храни овците, па дури и ако овците не сакаат да јадат. Тој никако не треба да стане забавувач за кози. Козите нека ги забавуваат козите и нека си го прават тоа во козоград. Козите сигурно нема да ги претвориш во овци со тоа што ќе им угодуваш на нивните хирови... Најплодната пасторска грижа е да им помогнеш на различните видови овци да живеат заедно и да им покажеш како да живеат во светот помеѓу козите, а да не станат како нив.

Кога си нановороден, многу е важно да станеш дел од црква, каде што можеш да бидеш благословен преку верната служба на пасторот.

За несреќа, некои од вас кои ја читате книгава, можеби немаат пристап до ваква пасторска поука. Меѓутоа, дури и ако си толку привилегиран да имаш помош од верниот пастор-учител и да имаш отворен пристап до библиските коментари, секогаш треба да бидеш свесен за сеприсутната опасност, она што си го научил со главата да ја замени духовната храна, што Бог сака да ти ја даде во вашето заедничко време.

Не, ние мора да сфатиме дека ниту библиското знаење кое го добиваме од верниот пастор-учител, ниту пак разбирањето кое кое го добиваме од интелектуалното проучување на Божјото Слово, може да го преземе местото на духовната храна што Светиот Дух ќе ни ја стави во срцата и животите кога сме со Него во нашиот секојдневен час на заедништво.

Се разбира, како што Библискиот учител не е замена за личниот час на заедништво, така и часот на заедништво не е изговор за занемарување на шансите што Бог ни ги дава за проучување на Неговото Слово и за неуспехот да станеме дел од службата на црквата.

Без разлика на околностите, следните предлози може да ти помогнат да дојдеш до побогат метод за проучување на Библијата.

Многу одамна, Мајлс Ковердел предложил следниве прашања да бидат употребени, за да се олесни проучувањето на Божјиот Збор. Оваа е парафраза на она што тој го напишал:

> Многу ќе ти помогне да го рабереш Писмото, ако го забележуваш не само искажаното или напишаното, туку:
>
> За кого зборува стихот?
> Кому му е наменет?
> Кои специфични зборови се употребени од писателот?
> Во кое време бил напишан стихот?
> Од каде бил напишан?
> Со која цел бил напишан?
> Во каква ситуација бил напишан?
> Како стихот се совпаѓа со она што е пред и по него?

Кога ќе создадеш навика за природно одговарање на ваквите прашања од библиското проучување (по можност употребувај Библија со референции), сè повеќе ќе се радуваш на прекрасните бисери на вистината, кои се појавуваат низ целата Библија. Постепено ќе бидеш воодушевен од погледот, откриен од пророштвата што ги има во Божјото откровение, од кои некои делови се веќе исполнети, а други сè уште очекуваат да бидат исполнети.

Исто така, ќе бидеш многу благословен, кога твоите очи сè повеќе се отвораат кон твојот вечен Бог: Неговите цели во создавањето, Неговото место во историјата; Неговата наука за спасението; Неговото доаѓање во светот во личноста на Господ Исус Христос и Неговите темелни упатства за христијаните како тебе и мене, сè до

денешниот час. Ваквото библиско знаење е навистина воодушевувачко и треба темелно да се истражува, од страна на секој верник.

## *СРЦЕТО*

**Час на заедништво: негово поправање и неговиот совет.**

Божјата желба за нас, Неговите деца е да Му се поклонуваме во дух и во вистина (Јован 4:24), со срцето и со умот — здружени во единственоста на индивидуалното заедништво со Него.

Ако Библиските лекции ти даваат само објективно знаење за Библијата, тогаш таквото знаење малку ќе ти користи! Всушност, знаењето без вистинска примена во животот е проблем со кој денес се соочуваат многу христијани.

За жал, има многумина кои знаат многу за Божјото Слово, но кои не живеат во светлината на тоа прекрасно знаење. Всушност, тие го заклучуваат нивното знаење од Библијата на страна во главите, а будалесто ги прифаќаат светските начини. Каква штета, затоа што Божјото Слово никогаш не се согласува со модерната мисла и животните шеми.

Пристапот кон Божјото Слово на светски начин на размислување, а потоа обид да се синхронизираат Писмото со филозофијата или психологијата на човечката култура, е нарушување на принципот на интелектуална искреност и морален интегритет. Господ Исус Христос ја платил огромната цена, за да нѐ избави од овој сегашен, зол свет, а Божјото Слово сигурно се противи на мислењата на генерацијата, која Го отфрла Исус.

Божјиот Збор никогаш не се согласува со човечката култура. Кога ја проучуваме Библијата со најголема желба, за да станеме она што Бог сака да бидеме, тогаш тоа ќе биде револуционерно искуство, од кое се менува животот. Тоа е всушност вклучувањето на срцето, а не само на знаењето, тоа е она Бог го бара од сите Свои деца.

Псалмистот не рекол: Во главата го запазив Твојот Збор. Тој рекол: *„Во срцето го запазив Твојот Збор за да не згрешам против Тебе"*. (Псалм 119:11). Дури и Адолф Хитлер повремено цитирал од Библијата во неговите јавни обраќања, но знаењето на некои библиски стихови не му помогнало во моралните избори, ниту пак во неговата вечна судбина. Очигледно, неговото знаење не влегло во неговото срце.

Но, можеби ќе прашаш: „Што мислел Давид, кога рекол дека Божјото Слово го скрил во срцето?" Јасно е дека тој не зборувал за шупливиот мускул кој ја пумпа крвта од вените во артериите. Па јасно е дека никој не може таму да го скрие Божјото Слово! Кога Давид го употребил зборот срце, тој мислел на центарот на неговото битие. Кога ја читаме Библијата и Божјото Слово го криеме во центарот на нашето битие, тогаш преку силата на Христос кој живее во нас, постојано ќе уживаме во прочистувањето, помошта и грижата од виталноста на Божјото Слово.

Кога имав привилегија да ја проучувам Библијата и теологијата како студент, научив дека собирањето на Библиски вистини не е замена за времето поминато насамо со Бог, за да слушнам што има да ми каже преку Неговото Слово. Исто така, открив дека е полесно да просудувам според Божјото Слово отколку да дозволам Божјото Слово да ми суди мене.

Во тоа време, се смеевме кога ќе помислевме на нашата шеговита дефиниција за предавање на час. Велевме: „Предавање е средството со чија помош материјалот се префрла од тетратката на професорот во тетратките на студентите без да поминува низ нечија глава!"

Дури и потрагично од ова е ситуацијата, каде библиската поука оди од главата на пасторот во главите во групата, без да го допре срцето на некого. Ќе се сетиш дека Бог јасно кажува:

> *„Зашто и нам ни беше проповедана Добрата Вест како и ним. Но немаа полза од словото што го чуја, зашто не беше проследено со вера кај оние кои го беа чуле."* (Евреи 4:2)

Само кога можеме да се идентификуваме со пророштвото на пророкот Еремија, тогаш Божјото Слово ќе може да го донесе својот благослов во нашите животи. Јеремија рекол: *„Неговиот Збор во моето срце беше како распламенат оган запретан во моите коски..."* (Еремија 20:9). Денес, во животите на многу верници, за жал, таквото пламено убедување за Божјото Слово недостасува. Нема вистинска врска помеѓу главата и срцето — помеѓу Божјиот Глас и животот на верникот. И како резултат, премногу често има многу мала врска помеѓу она што го знаеме и она што го правиме.

Кога библиската поука навистина ќе ти го разгори срцето, тогаш тоа сигурно ќе го промени твојот живот! Додека се случува тоа, ќе видиш дека сè помалку зависиш од човечката подршка, како на пример семејни советници и убаво подготвени семинари, бидејќи ќе откриеш дека Бог настојува да ги присвоиш ветувањата, што Тој ти ги дал во Своето Слово. Тогаш, преку силата на Духот кој е во тебе, ќе можеш

да ги послушаш јасните наредби на Господ Исус Христос.

Повремено, по проповедта ќе дојде некој љубезен член од заедницата и ќе ме побара за да ме охрабри велејќи: „Навистина ми даде нешто за размислување." Кога ќе го слушнам тоа, јасно ми е дека службата не ја исполнила целта која се надевав дека ќе ја исполни! Има разлика помеѓу аплаудирањето на Божјото Слово, како интелектуално охрабрување и на примената, како вистина за промената на животот. Да, службите треба да им дадат на луѓето нешто, како основа за делување, а не само нешто како повод за размислување!

Слично, ако часот на заедништво не води кон активен одговор во вера и/или послушност, исповедање на грев, или кон став на славење, тогаш тоа не е плоден часот на заедништво.

Од друга страна, кога Божјото дете ја исполнува главата со знаењето од Божјото Слово и срцето му трепери од нежното движење на Светиот Дух, тогаш тој навистина ќе ужива во заедништвото со Спасителот.

Дури и денес, кога посетувам библиски училишта како гостин предавач, им велам на студентите: Вие не сте тука да ја проучувате Библијата само за да ја знаете Библијата! Овде сте да ја проучувате Библијата за да Го запознаете Богот од Библијата!

Духовната незрелост меѓу верниците е немо сведоштво за немоќта на неколку сјајни фрази и внимателно спакувани библиски извадоци. Сè она, на кое ќе му дозволиш да го одземе местото на единственото искуство од индивидуалното приближување кон Бог и кон твојата отворена Библија, ќе го намали, а можеби и ќе го уништи твоето интимно и лично заедништво со Бог.

Вистинското заедништво со Господ, може да се случи само кога христијанинот ќе се соочи со јасната светлина на Божјото свето присуство. Таквата светлина открива и бара искреност и отворена комуникација меѓу тебе и твојот небесен Татко. Ако додека ја читаш Библијата твоето срце одговори послушно на Неговата вистина, тогаш таа вистина ќе стане храна за твојата душа и ти ќе растеш во знаењето и мудроста на твојот Господ. Псалмистот рекол: *„Во Твојата светлина ќе гледаме светлина"* (Псалм 36:9). Старата изрека е сè уште вистинита:

Здогледаната светлина носи поголема светлина;
Занемарената светлина носи подлабока ноќ.

Сигурен сум дека си открил како што открив и јас, дека е полесно да дадеш совет на некој друг, отколку да делуваш според сопствениот совет. Но, Господ Исус, кој од страна на Исаија е опишан како Прекрасен Советник (Исаија 9:6), е единствен, зашто Тој не само што дава совети, туку и станува Оној кој ни овозможува да делуваме според тој совет.

Секое утро, часот на заедништво може да има важна улога во подготовката за она што те чека понатаму во денот. Кога преку читањето на Неговото Слово Бог ќе ти даде совет, можеш да бидеш сигурен дека Господ Исус ќе биде ти биде доволен и ќе те води, без разлика на сè.

**Духовен преглед**

1. Дали моето срце одговара исто толку колку и мојата глава кога ја читам Библијата?
2. Кога се молам, дали навистина имам двонасочна комуникација со Бог?
3. Во мојот духовен живот, дали најнапред барам совет од човек или од Бог преку Неговото Слово?
   (внимавај: *не се надеваа на Неговата волја…* Псалм 106:13)
4. Во мојата христијанска служба, дали мојот совет за другите доаѓа од срце кое е во пламен со Божјата љубов и ум кој е исполнет со Неговото Слово?
   (внимавај: *Го разјарија со своите совети…* Псалм 106:43)

## *Гревови како овие*

***Безброј гревови исповедам;***
***од изобилна грешност-***

***Световни грижи во време за обожување;***
***Себични намери инспирирани во работата;***
***Гордост кога поминува Бог;***
***Безработност кога умираат душите во темнината;***

***Вкусувајќи дека Бог е добар,***
***а потоа опседнатост по отровна храна;***
***На изворот на небесата***
***копнеж по животни добра.***

***Ваквите гревови ми го мамат срцето,***
***Ти — кој ги знаеш само нив тагувај!***

***О колку лесно спиев***
***со денешните грешки неисплакани,***
***буден за нови свети напори;***
***со чума — дамка во мојата плот.***

***И сепак Твојата утеха е добра,***
***и сепак Твојот исцелителен допир помага,***
***види ја мојата тага Господи,***
***и биди милостив кон мене.***

***Татко, прости му на Твојот син,***
***за гревовите против Твојот Дух сторени.***

***— Вилијам Мекларди Бантинг (1805-1866)***
***Адаптација Р.А.Б.***

ГЛАВА

3

# Подготовка со молитва

Кога се обратив, имав мало знаење за Библијата, но наскоро открив дека кога читав од неа, всушност го читав Божјиот Збор. И до денешен ден, сѐ уште се радувам кога ќе сфатам дека Господ Исус продолжува да ми зборува во срцето штом го читам Неговото Слово.

Дури и како млад христијанин, ме учеа дека кога ќе ја отворам Библијата, Светиот Дух сака да ми ја оживее во срцето. И така, често го започнував часот на заедништво молејќи една мала молитва што ја научив како рефрен:

Божји Душе биди ми Учител
отривај ми ги Христовите работи
во рацете стави ми го прекрасниот клуч
што ќе ме ослободи.

Пред да ги остави Своите ученици и да оди кај Својот Татко на небото, Господ Исус Христос ветил: *„А кога ќе дојде Тој, Духот на Вистината, ќе ве упати во сета вистина”* (Јован 16:13). Всушност, има само еден учител, Светиот Дух, и ако Светиот Дух не може да работи во нашите животи, читањето на Божјото Слово ќе остане празно.

Џон Весли (кој бил моќно употребен од Бог во пробудувањето на Британија во осумнаесеттиот век, на кое многу историчари му го припишуваат спасувањето на Англија од револуцијата), исто така ја знаел важноста на часот на заедништво. Тој мудро ја научил лекцијата што сите може да ја примениме. Весли се дисциплинирал себеси да си легнува рано навечер, за да може да стане рано наутро. Неодамна, коленичев сам на истото место каде што Весли се сретнувал со неговиот Господ во 4 часот наутро! Бев трогнат, кога во истата просторија го прочитав следниот цитат од неговиот дневник: „Седам тука сам... Само Бог е тука. Во Неговото присуство ја отварам и ја читам Неговата Книга. А тоа што го читам, го подучувам.”

За да ги охрабри нановородените христијани, апостол Јован им потврдил дека Светиот Дух е доволен за да ги допре нивните срца преку Божјото Слово, дури и кога би немало други луѓе, за да им помогнат во разбирањето на Писмата. Ним им напишал: *„А што се однесува до вас, во вас останува помазанието што го примивте од Него и немате потреба некој да ве поучува, туку како што Неговото помазание ве поучува за сѐ, и е вистинито и не е лага, и како што Тој ве научи, така останете во Него"* (1 Јован 2:27). Кога свесно се потпираш на просветлувањето од Светиот Дух, при читањето на Божјата книга, тогаш Тој ќе предизвика нејзината вистина да живее во твоето срце.

Ако навистина посакуваш да имаш богато, исполнето и редовно часот на заедништво, барај тивко место и одвои посебно време за читање на Библијата и комуникација со Бог. Иако таквото време со Бог честопати ќе ти го исполни срцето со радосно очекување, сѐ уште ќе има време кога семејството или работата или пак други работи ќе се натпреваруваат за твоето внимание и ќе ти отежнат да се тргнеш настрана и да бидеш насамо со Бог. За таквите денови, ќе ти биде потребна вистинска дисциплина, ако сакаш да растеш во љубовта и познавањето на Исус Христос. Запомни, да се занемари Библија е всушност исто како и да се нема на Библија.

Како и Израелците, кои морале секојдневно да се подготвуваат за да ја собираат маната која Бог божествено им ја давал за нивниот физички опстанок на патот кон ветената земја, така и ние треба да се подготвуваме за да го земаме Божјото Слово.

Прво. Можеби ќе ти помогне клекнувањето на колена при отворањето на Библијата, за да бидеш насамо со Бог.

Второ. Кога ќе дојдеш кај Него, Кој е Вечна Светлина, секогаш е потребно да го соголиш своето срце во Неговото Свето Присуство. Од Него не можеш да скриеш ништо, па зошто и да се обидуваш?

Штом се подготвиш за средбата со Бог, Библијата ќе те оживее со блескава реалност и ќе почнеш да откриваш, како Божјото Слово се движи од твојата глава во твоето срце.

## *КЛЕКНИ НА КОЛЕНА*

**Живото заедништво не може да коегзистира со горделивиот дух.**

Во Библијата читаме за многу Божји луѓе, кои својата почит и понизност кон Бог ја изразиле со коленичење. Иако литургиските христијани и муслиманите имаат навика за коленичење на јавните

молитви, таквиот став не мора да означува живо заедништво со Бог. Но, кога ние доаѓаме пред нашиот Вечен Бог и Создател, клекнувањето пред Него, може да ни помогне околу ставот на срцето и умот.

Кога Господ Исус му се приближуваше на тешкиот час на распнувањето, во Гетсеманската градина, Тој виде дека Неговите ученици спијат. *„Тој се оддели од нив, колку што може да се фрли камен, и клекна на колена па се молеше"* (Лука 22:41). Исус бил сам со Таткото. Затоа Тој клекнал на колена да се моли. Исто така, кога и ние ќе се одвоиме од пријателите или од семејството за да бидеме насамо со Бог, тогаш и нам, клечењето при молитва може да ни помогне во изразувањето на нашата почит кон Него и предаденоста на Неговата волја.

Кога апостол Павле се приближувал кон крајот на својата служба, тој се погрижил топло да се збогува со црквата, којашто ја основал во Ефес. Може да прочитаме како клекнал и се помолил за сите (Дела 20:36). Друг пат, на брегот, Павле се збогувал со учениците и со нивните жени и деца. Писмата бележат дека клекнале на брегот и се моделе (Дела 21:5). Многумина денес може да помислат, дека глетката на жени и деца, кои клечат за да се молат на јавно место, ќе биде погрешно протолкувана од посматрачите. Во време кога се плашиме да не нè обвинат за фанатизам, и ние честопати избираме удобност на приватните молитвени состаноци. Очигледно, учениците, жените и децата во времето на Павле немале проблеми со коленичењето. Не треба да имаме ниту ние, без разлика дали сме на јавен молитвен состанок или пак сме насамо со Бог.

Како и да е, мора да се запомни дека положбата, во врска со нашето лично комуницирање со Бог, не е важна. Се работи за ставот на умот. Библијата нè предупредува дека треба да го имаме вистинскиот ментален став кога се молиме: *„Бог им се противи на горделивите, а на понизните им дава благодат. Затоа покорете Му се на Бог, а противставете му се на ѓаволот и тој ќе побегне од вас. Приближете се кон Бог, и Тој ќе се приближи кон вас"* (Јаков 4:6-8).

Поради извесни физички проблеми, за некои луѓе можеби е невозможно да клечат во подолг период на молитва. За среќа, Бог ги гледа нашите срца. Ставот на нашето срце Му е многу поважен од положбата што ја завземаме. Но за оние кои можат, коленичењето може да биде од голема помош за да сфатат појасно дека кога се молиме ја имаме прекрасната привилегија да разговараме со нашиот Создател — како со пријател! За сите нас, најважното библиско правило е: *„Понизете се пред Господ, и Тој ќе ве возвиши"* (Јаков 4:10).

## *СОГОЛИ ГО СРЦЕТО*

**Живото заедништво започнува пред Божјиот престол на милоста.**

Дури пред смртта на Господ Исус на крстот, Бог во Својата голема милост и љубов, избрал да ја прифати смртта на Својот невин Син, како цена за гревот за грешното човештво, за да може да го обнови заедништвото со Него. Долго пред распнувањето на нашиот Спасител, Бог објавил дека ќе се сретне со Своите слуги пред престолот на милоста (2 Мојсеева 25:22).

Денес, жртвата за нашиот грев е дел од историјата; скапоцената крв на Господ Исус Христос била пролеана за нас и затоа преку Христовата смрт имаме нов и жив начин да општиме со Него. Неговата чудесна љубов ни овозможува радосно да извикаме: *„И така да пристапуваме смело кон престолот на благодатта, за да примиме милост и за да најдеме благодат, која ќе ни помогне во време на нужда“* (Евреите 4:16).

Милост значи дека нашиот мил Бог не ни го дава тоа што го заслужуваме; а благодат значи дека нашиот дарежлив Бог ни го дава тоа што не го заслужуваме. Колку е убаво да бидеме во заедништво со нашиот Бог на милост и благодат.

Од секој бурен ветар што дува,
од секој голем бран што вика,
има мирна, сигурна починка;
што е кај престолот на милоста.

Има место каде Исус го излева
елејот на милоста врз нашите глави,
место многу мило за мене;
е откупениот со крв престол на милоста.

Има место каде духовите се соединуваат,
каде пријател со пријател се дружи;
иако многу далеку, се сретнуваат во вера
околу еден заеднички престол на милоста.

Ах! Каде да бегаме за помош,
кога сме искушани, напуштени, очајни;
или како да ја поразиме војската на пеколот
зарем светиите што страдаат немаат престол на милоста?

Таму, таму на крилјата на орелот се издигнуваме,
и време и чувство повеќе нема,
и доаѓа небото душите наши да ги пречека,
и слава го овенчува престолот на милоста.
*Х. Стауел*

**Живо заедништво не може да се има со нечистата совест.**

Момчето, кое е родено во семејството, секогаш ќе биде син на неговите родители. Тоа не може да биде „одродено”. Но, ако момчето е лошо, ќе има периоди кога ќе биде прекината комуникацијата со неговите родители. Врската останува, но заедништвото е сигурно нарушено! Тоа е голема трагедија.

За нас е прекрасно да бидеме потопени во знаењето, дека во моментот кога бевме нановородени беше воспоставено вечно заедништво со нашиот небесен Татко. Ако искрено сме го примиле Господ Исус Христос во нашите срца, стануваме Божји деца, врска која ќе трае цела вечност. Но, кога грешиме, нашата врска со Таткото е грубо нарушена.

Поради нашата непослушност, повеќе нема да може да го почувствуваме благословот на Неговата насмевка во нашите животи која некогаш сме ја чувствувале. А овој прекин во заедништвото, дали краток или долг, сигурно не може да Му го припишеме на Бог или пак на недостатокот на грижа од Негова страна. Проблемот секогаш се должи на нашата осквернета совест, ние сме единстената причина за било кој прекин во заедништвото со Бог.

## *Нечиста совест*

Џон Бањан еднаш рекол: „Гревот ме држи настрана од Библијата, а Библијата од гревот.” Кога некој го натажува Светиот Дух и постојано има грев во животот, тој ќе го изгуби и апетитот за Божјото Слово. Чистата совест е апсолутно потребна, за да може христијанинот да има жива вера исполнета со надеж, кога ќе се сврти кон Божјото Слово. Библијата вели: *„А без вера не е можно да Му се угоди, зашто оној кој Му пристапува на Бог мора да верува дека Тој постои и дека ги наградува оние кои Го бараат.”* (Евреите 11:6)

Но ако истрајуваме во тоа да го игнорираме гревот, кога ќе ја читаме Библијата, верата ќе ни биде изгасната бидејќи совеста повеќе нема да ни биде блиска со гласот на Светиот Дух.

### ***Чиста совест***

За да го обновиме заедништвото со Бог, откако веќе еднаш сме згрешиле, неопходно е нашата нечиста, грешна совест да биде очистена. За да се ослободи од товарот на гревот, осквернетиот христијанин треба да го изнесе своето срце во исповед пред Бог. Апостол Јован напишал: *„Ако ги исповедаме своите гревови, Тој е верен и праведен да ни ги прости гревовите и да нè исчисти од секаква неправедност."* (1 Јован 1:9).

Во тој дел од мојата Библија сум запишал молитва, што ја молеше Ф. В. Крумахер. Кога ќе станам свесен за мојот неуспех и грев, се обидувам да ги именувам тие посебни гревови пред Божјиот престол на милоста. И понекогаш ќе се молам според молитвата на Крумахер, како основа за мојата исповед пред Господ:

> „О Господи, мој Боже, повторно згрешив против Тебе и натажен сум поради тоа. Се осудувам и укорувам себеси; но Твојата милост е голема и затоа верувам. Испрскај ја мојата совест со откупителната Крв и по вера оспособи ме да ги земам страдањата за овој мој грев, кои Ти ги претрпе за мене."

Гревовите не ги правиме во пакет, па тогаш зошто да ги исповедаме како едно големо признание за вина? Барајќи од Бога да ни прости „за сите наши гревови" групно, е како обид да најдеме полесен излез за нашите горделиви срца, отколку тоа да биде искрен израз на покајание и желба да влеземе повторно во Неговата волја. Овој вид на сеопфатна исповед прави малку за да ја очисти совеста од вината. Кога Светиот Дух ќе ни донесе на ум нешто што е грев, треба да го именуваме тоа дело на непослушност, со зборот што го користи Библијата за да опише таков грев — не бела лага туку лага; не ум што фантазира, туку прељубнички ум; не брз збор, туку срце исполнето со убиствена омраза.

Бидејќи нашиот проблем е вистинскиот грев, а не само комплексот на вината, никогаш не треба да има психолошка двосмисленост, или човечки изговор, кога доаѓаме во светлината на Божјото присуство. Кога понизно и искрено ќе го именуваш својот грев пред Него, Бог во Својот престол на милоста ќе одговори на твојата исповед. Таква е прекрасната Божја милост.

Откако Давид го исповедал својот ужасен грев, тој се радувал на помислата: голема е Твојата (Божја) милост (Псалм 51:1). Во Псалм 51 Библијата покажува дека, кога Давид се завртел кон Бог, овој човек со скршено и вознемирено срце, не само што бил искрен

во својата исповед, туку и во своето покајание. Ако се покаеш (сфатиш дека си одел по сопствен пат, а не по Божјиот, а сега сакаш да се вратиш на Божјиот чист и свет пат), и потоа понизно и искрено се исповедаш за своите свесни гревови и поединечно ги именуваш пред Бога, тогаш и ти ќе се радуваш на големата Божја милост. Само тогаш, твојата совест ќе биде чиста и повторно ќе можеш да го обновиш заедништвото со Светиот Бог.

Кога совеста ќе ти биде очистена од милоста на добриот Бог, ќе откриеш дека имаш нова слобода во молитвата. *„И така, браќа, имаме слобода да влегуваме во Светото место преку Исусовата крв, ... да пристапиме со искрено срце во целосна слобода на верата, со срца кои преку попрскување се исчистени од зла совест"* (Евреи 10:19,22). Вистинската слобода пред Бог, доаѓа од чистата совест. Тогаш чистото срце ќе има таква храбра вера, што е основен предуслов за полното, живо заедништво со Бог.

Кога знаеш дека срцето ти е чисто, понижувачкото сеќавање на минатиот грев повеќе нема да може да ти ја вознемирува совеста. Се разбира, сатаната ќе се обидува да те обвини, но за да ги одбиеш неговите најсилни напади, твојот одговор треба да биде ист како и Божјиот, кон твојата виновна совест, односно силата на скапоцената крв на Исус. Во книгата на Откровението, светиите кои биле обвинети од сатаната за гревовите кои Бог веќе им ги простил, ја сфатиле големата сила на таа скапоцена Крв. За нив е запишано: *„А тие го победија (сатаната — обвинителот на браќата) заради крвта на Јагнето"* (Откровение 12:11). Не само што уживале во благословот на очистената совест, туку и ја научиле тајната на мирната совест. Алелуја!

**Живото заедништво не може да се има со погрешен став.**

Честопати, постои скриена причина заради која луѓето немаат желба за хранливото млеко на Божјото Слово. Дали си имал таква треска, од која си го изгубил апетитот? Без разлика колку е вкусна храната, едноставно не си заинтересиран. Исто како и убавата храна, што може да не ти е привлечна кога си болен, така и Библијата нема да те привлекува, доколку имаш погрешен став, што го гуши твојот духовен апетит.

Иако Петар нѐ охрабрува да копнееме по вистинското млеко на Словото (1 Петар 2:2), тој прво нѐ предупредува за ставовите, кои ќе ни ја уништат желбата за таквата храна. Тој јасно пишува дека има само еден начин, за да се справиме со тие пречки во хранливото час на заедништво. Секоја пречка за здрав духовен апетит мора да биде отстранета. Нездравиот став мора радикално да биде променет,

доколку сакаме да го обновиме здравиот апетит — ова е друг начин на изјавата „покај се”!

> *„И така, оставајќи ги настрана секоја злоба и секаква измама, лицемерство, завист и сите клевети, копнејте по духовното, вистинско млеко на словото, па со него да пораснете за спасението”* (1 Петар 2:1,2).

Писмото јасно кажува дека никогаш нема да може навистина да копнееме по „вистинското млеко на Словото,” сè додека не се справиме со горенаведените духовни болести — кои го уништуваат нашиот духовен апетит. Ајде да ги разгледаме една по една:

**Злоба.** Огорченост или лутина, поради начинот на кој се однесуваат другите кон нас — дух на непростување.

Кори Тен Бум поминала низ големо страдање во озлогласениот концентрационен логор Равенсбрук. Дури уште поужасно за неа било тоа што животот на нејзината сакана сестра згаснал во нехуманоста и измачувањето во логорот. Зборувајќи за стражарите кои биле одговорни за таквото насилство, Кори Тен Бум сведочела како подоцна сосема заборавила на нив и рекла: „Проштевањето е дело на волјата и волјата може да избере да делува, без разлика на вжештеноста на срцето.”

Ако одржуваш дух на непростување кон некого — без разлика како си пострадал од рацете на таа личност — тогаш твоето непростување нема да го повреди него, ама сигурно ќе го загуши твојот духовен живот! Всушност, ќе бидеш во ропство со таа личност, сè додека не решиш да ѝ простиш. Само тогаш ќе можеш да се молиш во согласност со молитвата, на која нè научи нашиот Господ: Прости ни ги нашите гревови како што ние им ги простивме на нашите должници (Лука 11:4). Ако си свесен за духовната „злоба” (непростување) во твоето срце, одбери да ѝ простиш на таа личност кога си насамо со Бог. Тогаш ќе можеш да ја почувствуваш Божјата љубов кон нив без лицемерие!

**Измама.** Прикривањето или намалувањето на нашиот неуспех, а не исповедањето на гревот — живеење во измама, а не во искреност.

**Лицемерство.** Очигледно извртување на сликата за нас, со горделива желба да дадеме погрешна слика дека сме некој, или нешто што не сме.

**Завист.** Реагирање на благословот на некој друг, со сомнеж наместо со искрена радост — посакување на она, што другиот го има.

**Клевети.** Користење на јазикот, за да се повреди или навреди некој друг, или пак наслушнување на нешто што ќе го оцрни некого — обид да се намали нашата вина, покажувајќи на гревовите во животот на некој друг. Ова се работите кои мора да ги тргнеме настрана, ако навистина сакаме да се храниме од Словото. Потоа, како што на новородените бебиња не им треба убедување за да го земаат млекото што значи живот кога ќе дојде време за јадење, така и ти, кога ќе имаш можност да ја отвориш Библијата, ќе копнееш по чистото млеко на Зборот за да можеш да растеш (1 Петар 2:2).

**Живо заедништво не може да се има со егоцентричен живот.**

Неодамна бев информиран за писмото од една госпоѓа мисионерка, која многу години е во Јапонија. Таа им служи на луѓе кои повеќето од другите не можат да ги допрат — тие во владата и дипломатските кругови и други од „високото општество". Таа напишала:

> Што е случи со учењето за одрекување од себеси и секојдневно земање на крстот? Додека подредував книги поврзани со христијанскиот живот, нешто ми го привлече вниманието. Повеќето од темите во книгите, кои ги добивав во последните дваесет и нешто години, се сведуваа на промени во христијанскиот живот од типот „направи сам". Но, се сеќавам дека книгите од почетокот на мојот христијански живот беа за одрекување од себе, секојдневно земање на крстот, живеење свет живот, престојување во Христос и дозволување Тој да живее преку мене. Дали овие учења веќе исчезнуваат, или ми се причинува?

> Можеби тоа е она, што кинескиот водач во Хонг Конг го мислеше, кога рече: „На запад, или пак во слободниот свет во целина, гледам дека црквата многу повеќе се идентификува со силната победа на Исусовото воскресение. Тие сакаат такво заедништво. Тие се желни за успехот, напредокот, добрите работи од воскреснатиот Син. Малкумина учествуваат во Христовите страдања. Но, јас го гледам спротивното во азиската црква, посебно во земјите каде ситуациите се контролираат и ограничуваат. Верниците се повеќе спремни да учествуваат во страдањата на Христос. За нив, учеството во Неговите страдања, е нивна голема награда и привилегија."

Самиот апостол Павле се молел: *„За да Го познавам Него (Господ Исус) и силата на Неговото воскресение, и учеството во Неговите страдања, станувајќи сличен на Него во Неговата смрт"* (Филипјани 3:10).

Амос ни помага да го разбереме влијанието на оваа благородна амбиција, најавена од Павле, кога тој запрашал: *„Тргнуваат ли двајца заедно, ако не се договорат меѓу себе?"* (Амос 3:3). Ако сакаме да чекориме во силата на Неговото воскресение, тогаш треба да се согласиме во споделувањето на заедништвото на Неговите страдања. Половина договор не е договор воопшто!

На друго место, Павле ја лоцира големата болка на невозвратената љубов, кога им пишувал на неговите верници, кои започнале да го презираат неговиот апостолски авторитет: *„А јас со најголемо задоволство ќе потрошам сè и самиот ќе се потрошам за вашите души. Кога јас ве љубам толку многу, треба ли да бидам помалку љубен?"* (2 Коринќани 12:15). На друго место, тој ја анализира вистинската љубов и категорично изјавува: „љубовта долго трпи и … не го бара своето…" (1 Коринќани 13:4-5). Таквата чиста љубов, што е долготрпелива и несебична, прекрасно е персонифицирана во личноста на Господ Исус Христос.

Кога Господ Исус се појавил во нељубезниот свет, Тој совршено ја демонстрирал Божјата љубов во човечки облик. Неговите дела, Неговите зборови, Неговите најдлабоки мисли, Неговиот беспрекорен завет кон волјата на Неговиот Татко — ни илустрира прекрасна слика на несебичната љубов. Со други зборови, од моментот кога Тој бил принесен до моментот кога бил распнат, Господ Исус со љубов одбил да ја практикува надмоќта на Својата човечка совршеност, како потрага по лична сатисфакција.

Според тоа, за време на Неговите триесет и три години на живот на земјата, Господ Исус постојано го положувал Својот живот (1 Јован 3:16) за доброто на другите луѓе. Потоа, додека се соочувал со агонијата на крстот, ние читаме: *„Исус, знаејќи дека Му дојде часот за да замине од овој свет кон Таткото, откако ги засака Своите во светов, ги љубеше докрај"* (Јован 13:1). Да, Неговата љубов со сигурност била долготрпелива.

Ако навистина сакаме да се дружиме со нашиот Спасител, мора да си го поставиме себеси следново прашање и да го испитаме нашето срце:

**Дали ги искористувам предностите од животот, што Бог ми го даде, за моја лична корист или сум подготвен да го дадам својот**

**живот со вистинска љубов за другите луѓе, по цена на страдање во тој процес?**

Божјата љубов го илустрира потполниот контраст на нашата денешна генерација „јас пред сѐ", која смело изјавува дека нарцисоидноста е доблест и дека правата на единката се поважни, од благодатта на другите. Светото Писмо ни покажува дека тоа е самообожување, како еден од знаците на последните времиња: *„луѓето ќе бидат себични... повеќе сластољубиви отколку богољубиви."* (2 Тимотеј 3:2,4).

Не треба да не изненади изјавата на Александар Мекларен, дека патот на возвишените духовни убавини е испрскан со крвавите отпечатоци на ранетата нарцисоидност.

Гревот, без разлика дали е изразен преку дела или во мислите, го носи доказот на нашата наследна природа на самоцентричност. Освалд Чемберс ја дефинира оваа себична предиспозиција како „моја изјава на моето право кон себеси" и изјавува дека тоа е „подеднаква опасност, без разлика дали се работи за морал или неморал." Лесно е да се осуди себичноста и немилосрдноста на кражбата и експлоатацијата, но треба да сфатиме дека човековата грешна самоцентричност, исто така се изразува на посуптилни начини.

Без изненадување, во срцето на секој домашен проблем и социјална тензија, дури и во срцето на најголемите црковни проблеми, се наоѓа суптилната изјава на моето право кон себеси — моето време, моите пари, мојот начин, мојата желба, мојата волја. Секако, сѐ што не ја рефлектира Божјата љубов, која не го бара своето, е израз на човековата наследна грешност.

## *МОЈАТА НЕБЕСНА ПЕРСПЕКТИВА*

Единствен начин, на кој можеме вистински да ја препознаеме самоцентричноста, е погледот кон себеси, од Божја перспектива. Џ. Б. Филипс во неговите писма до младите цркви, ја парафразира павловата молитва за луѓето од црквата во Колос на следниот начин: *„Ние го молиме Бог да се исполните со познавањето на Неговата волја со секаква мудрост и духовно разбирање"* (Колошани 1:9). Само со следење на примерот на Павле и со молитва кон Бог за отворање на нашите духовни очи, ние ќе започнеме да ги гледаме „вистинските" околности на нашиот живот, не преку очите на самоцентричното постоење, туку од Божјата небесна перспектива. Само на овој начин, ние можеме да ја видиме реалноста на нашиот живот, преку Неговата духовна призма.

Една вечер, г-ѓа Сајленс, моја долговремена пријателка, како и на жена ми Дороти, била чудесно смирена откако во молитва и послушност, се соочила со семејна криза од небесен аспект. Таа се разбудила во 2 часот наутро од еден телефонски повик. „Дали знаеш кој го возеше твојот автомобил вечерва?" запрашал полицискиот службеник. „Да, моите два сина, на враќање од библиската конференција за млади," одговорила таа загрижено. „Па, имам тажни вести за тебе — возачот заспал, а твојот автомобил е смачкан околу дрво покрај патот. Возачот на автомобилот е мртов и нема никаква надеж дека другиот човек ќе преживее!" Овие шокантни вести ја зачудиле изгубената мајка, чие срце отсекогаш било исполнето со нежна љубов за своите деца.

Спуштајќи го телефонот, г-ѓа Сајленс заплакала кон небесниот Татко, „Ох Боже, што треба да прави мајката во момент како овој?" За среќа, таа знаела да се моли и да размислува библиски. Подоцна ми кажа дека можела да се присети само на стихот од Светото Писмо, каде се вели, „Благодарете во сѐ" (1 Солунци 5:18). „Но Господе," продолжила г-ѓа Сајленс, „знаеш дека моето срце не е благодарно. Тоа е ладно, шокирано и празно, но оваа ужасна вечер јас ќе го послушам Твоето Слово. Правејќи го тоа, те молам направи чудо во моето срце. Кога ќе Те послушам и ќе Ти благодарам, ќе мора да го направиш тоа навистина, бидејќи во овој трагичен час, не се чувствувам благодарно." На овој начин, г-ѓа Сајленс ја изразила својата вера и започнала да се моли.

Оваа мајка со нежно срце ми кажа дека откако прв пат рекла: „ти благодарам Татко, за она што си," нејзиното скаменато срце останало ладно и празно. Но, додека верно ја повторувала нејзината благодарност, Светиот Дух извршил Свое чудо! Тој го исполнил нејзиното срце со доверба и вистинска благодарност. Да, за време на овие темни ноќни часови, Божјиот Утешител, Светиот Дух, одговорил на верата и послушноста на г-ѓа Сајленс. Тој повторно ја уверил за Божјата непроменлива љубов кон неа и нејзиното семејство. Додека се зазорило, без сомнеж, сѐ уште имало солзи на нејзините очи, но истовремено таа ја почувствувала неопишаната утеха на Божјиот мир во нејзиното срце. Ова е прекрасно сведоштво на Божјата благодат, за прегратката на оваа мајка во жалост, кон Неговите пазуви на вечна љубов. Со длабока и мирна самодоверба, г-ѓа Сајленс во таа мрачна вечер опишала како Божјиот мир, што го надминува човечкото разбирање, ја исполнил нејзината душа. Како што г-ѓа Сајленс го докажала нејзиниот чекор со Господ, во време на неволји, се потврди огромната разлика помеѓу човечкиот

и небесниот приод на работите.

Додека го уживаш интимното заедништво со Бог, исто така сфаќаш дека благодарноста и верата се секогаш поврзани. Кога благодарноста на вистинската вера ти го обземе срцето, Бог ќе ти овозможи да ги погледнеш променливите околности на твојот живот без разлика дали се добри или лоши, од Негова гледна точка. Од таа небесна перспектива, Бог повторно ќе го увери твоето повредено срце дека сѐ содејствува за доброто на оние кои Го љубат Бог, на оние кои се повикани по Неговата намера (Римјани 8:28). Целта на овој стих не треба да остане ладна, празна, често цитирана вистина. Бог ни дал прекрасно ветување дека нашите срца ќе ги исполни со чудесната реалност. Затоа, слава на Господ, засекогаш! Слава на Господ кога не се чувствуваш добро! И продолжи да го славиш Бог, сѐ додека навистина не ја почувствуваш таа радост! Никогаш нема да постои доволна причина да не се слави Господ, без разлика на околностите во твојот, или мојот живот. Неодамна, Дороти и јас добивме писмо од мисионери, кои верно и плодоносно Му служат на Христос во ограничувачки услови, во една земја од Блискиот исток. Во ова писмо, Стен напишал: „Јас можам и морам да го славам Господ врз основа на Неговиот карактер, а не за моја удобност." За да се примени изјавата на Кори Тен Бум за простувањето може да наведеме дека, бидејќи славењето на Господ е дело на волјата, волјата може да избере да го славиме Господ, без разлика на температурата на срцето! Потоа, додека избираме да Го славиме, Тој со сигурност ќе ни даде внатрешен оган на Неговиот мир и постојана сигурност на Неговата непроменлива љубов, без разлика на нашите околности.

Забележи, не е наведено дека треба да Му се благодари на Бог за сѐ; туку да Му се благодари во сѐ. Вистинската благодарност, која доаѓа од признавањето на нашата небесна перспектива, е онаа состојка на вера што го одделува самосожалување од тагата. Запомни, ова е вистина без разлика дали се наоѓаме во црква или во болница!

Дури и кога сме нападнати од бурите на животот, световното срце полесно ќе го рефлектира ставот на „кутриот јас," додека срцето насочено кон Христос сѐ уште ќе го слави Бог.

> Многумина од нас паѓаат и колабираат при првиот напад на болка; ние се наоѓаме на прагот на Божјата цел и се обвиткуваме со самосожалување. Дури и таканареченото христијанско сочувство само ќе го забрза процесот. Но, во Неговата голема љубов, Бог никогаш нема да го стори тоа. Тој доаѓа со разбирање на подадената рака од Неговиот Син, и вели: „Влези во заедништвото со мене; стани и

> светли се.” Ако преку скршеното срце Бог ја оствари Својата цел во светот, тогаш благодари Му за кршењето на твоето срце (Освалд Чемберс, Најдоброто од мене за Неговото Величество, парафраза).

Да, ако треба да го разбереме начинот, на кој Бог ни обезбедил величенствена слобода од самите себе, од суштинско значење е да научиме да го гледаме животот од небесна перспектива.

Божјиот одговор на самоцентричниот живот не е подобрување, ниту едукација, туку смрт! Кога сме соочени со гравитациската привлечност на самостојниот живот, за време на нашите животи на земјата, вистинската вера ќе биде способна да се радува на Божјата вечна вистина: *„Зашто умревте и вашиот живот е скриен со Христос во Бог!”* (Колошани 3:3).

Бидејќи сме скриени со Христос во Бог, преку процесот на смртта, погребувањето и воскресението (Римјани 6:2-4), ние сме радикално отсечени од нашето световно постоење со своите самоцентрични грижи. Сега, ние може да уживаме во нашата нова перспектива на животот!

Мртов во старата природа, вистинскиот христијанин станува дел од новото Божјот создание. Тоа е смислата на нашето спасение.

> Во Христос умрев, во Христос воскреснав,
> во Христос триумфирав над моите непријатели,
> во Христос на небото го добив своето место,
> и небото се радуваше на поразот на пеколот.

Како што ја разбравме нашата позиција на учество во распетието со Христос, нашиот секојдневен живот на земјата ќе биде трансформиран од самоцентрично постоење, во Христоцентрично искуство. Но, за да се ужива постојано во ваквото интимно заедништво со Него, ние мора постојано да знаеме како да се справуваме со нашиот живот, нашиот проблем на земјата!

## *МОЈОТ ПРОБЛЕМ НА ЗЕМЈАТА*

Сега, да си го поставиме големото прашање на срцето: „Дали мојот живот на земјата е навистина Христоцентричен, или сѐ уште е самоцентричен?”

Секако, самоцентричниот живот набрзина ќе стане непријатен за секоја личност, или злобен кон секоја околност што ја загрозува неговата безбедност, неговото его, утеха или задоволство. Г. Кемпбел Морган вели вака: „Самоцентричноста е производ на гревот; центар

на непријателството; супстанција од која потекнува пеколот" (Осија: Срцето и светоста на Бог).

Една вечер, за време на молитвениот состанок, слушнав една жена како се моли со невообичаена искреност. Очигледно таа се среќавала со Бог на нов и трансформиран начин, додека се молела: „Господе Исусе, прегрни ме со Твојата рака на љубовта, обвиткај ме околу крстот и љуби ме до смрт. Не сакам повеќе да бидам таа што живее, туку Христос што живее во мене!" Нејзината молитва ме импресионира многу.

Иако оваа жена знаела дека веќе е ослободена преку процесот на смртта и воскресението, за да пребива во небесата со Христос, исто така била свесна дека нејзиното тело сè уште е длабоко во светот! Очигледно, додека се молела, го барала Божјото решение за себичните желби и зборовите од нејзиното тело на земјтата. Ваквата значајна молитва, со сигурност ја изразила нејзината желба за поинтимно заедништво со нејзиниот Господ. Додека писмото се рефлектирало врз оваа молитва, сфатив дека Павле дал библиска основа за ваквата агонија на срцевиот апел, кога напишал: *„Зашто, ако живеете по телото, ќе умрете; но ако преку Духот ги умртвувате делата на телото, ќе живеете."* (Римјани 8:13).

На некои од моите читатели можеби следниве мисли ќе им помогнат во длабоката медитација во однос на важноста на овој стих, додека други може да пронајдат илустрација на следниот параграф, како практична помош. Оние кои го познаваат грчкиот јазик ни даваат дури и поцелосно разбирање на ослободената вистина, пронајдена во следниот набљудуван стих:

> *„Зашто, ако живеете по телото, ќе умрете; но ако преку Духот ги умртвувате делата на телото, ќе живеете."* (Римјани 8:13)

**Прво.** Во оригиналниот грчки, предмет на фразата „ќе умрете" сме ние.

Библиски факт: Ако треба да бидам ослободен од „делата" на моето тело (мојот самоцентричен живот), мора активно и позитивно да соработувам со Бог.

**Второ.** Овој стих исто така ни говори дека преку Духот, Тој на прекрасен начин обезбедува победа над нашите себични, световни дела.

Библиски факт: Иако треба да се молам и активно да се вклучам во процесот, самостојно не сум способен да ги умртвам моите себични

дела! Додека сум во овој свет, само Светиот Дух може радикално да ме оттргне од моите самоцентрични дела.

**Трето.** Интересно е да се забележи дека овој стих е напишан во сегашно време. Практично, употребата на оваа реченица покажува дека мојата молитвена и активна соработка со Бог, мора да се практикува континуирано.

Библиски факт: Иако првата молитва на христијанинот кон Светиот Дух да ја умртви заљубеноста во себе, може да се смета за искуство на трансформација, не се работи за нешто кое се извршува само еднаш. Не, секогаш кога самостојноста на животот ја покажува својата лоша страна, мора да се соочи со посебната молитва, како наше учество во соработката со работата на Светиот Дух. Тогаш, додека постојано се потпираме на извршната служба на Светиот Дух, нашите себични дела ќе ги доведеме до смрт. Бог постапува така, а наша задача е овој став на верата да го направиме постојано, сеприсутно искуство!

Како илустрација, да замислиме една судница. Постои еден човек осуден за убиство. Доказот е наведен, вината на човекот е потврдена, а сега судијата има сериозна одговорност да ја изрече казната. Тишината паѓа над судницата, додека судијата станува и вели: „Овој човек е прогласен за виновен за убиство и затоа е осуден на смрт."

Со сериозната изјава, задачата на судијата е извршена. Ако, меѓутоа, судијата се обиде сам да ја изврши смртната казна, земајќи пиштол од под клупата и убивајќи го убиецот, самиот судија ќе биде виновен за убиство!

Откако ќе ја изрече казната со смрт, сè што може да направи судијата е да го предаде човекот на државниот извршител.

На ист начин, нашиот самостоен живот не може да стори ништо, освен да ја признае својата себичност. Како и судијата во судницата, ние треба да прогласиме смрт врз сите наши себични дела. Но, како што судијата никогаш не може да го земе животот на убиецот, исто така ние во нашата самоцентрична состојба немаме моќ да ја ставиме смртта на делата од самостојниот живот. Но, благодарение на Бог, Тој обезбедил Божествен Извршител, Светиот Дух и Светиот Дух е Оној Кој има моќ да предизвика гасење на потенцијалната себичност во нашите животи.

Да, со Божјата благодат, „преку Духот," ние сме способни да ја

предизвикаме смртта на „телесните дела." Додека профитираме од ова, врз континуирана и намерна основа, ќе ја почувствуваме радоста на ослободување на животот, што е целосно Христоцентричен.

Поради ова јасно библиско поучување, и лекции на искрени молитви, како што слушнав од усните на жената на молитвениот состанок, јас исто така се молев на сличен начин: Господе, преку Твојот Свети Дух, обвиткај ме на крстот и умртви ја мојата заљубеност во себе. Не сакам повеќе да бидам јас оној кој живее, туку Христос Кој живее во мене!

Лесно е да се помисли дека крајната цел на негата и грижата на Божјото Слово, е дипломирање во животот на личната сатисфакција. Но, не е така! Зошто старозаветниот свештеник го негувал и се грижел за најдоброто од неговото стадо? Дали само за покажување на најдобрите примероци? Не, туку според изјавата на Вилијам Стил, тоа биле овците кои требало да бидат заклани! Од своето раѓање биле предодредени да бидат жртва!

Многу често, христијаните погрешно донесуваат заклучок дека нивните музички, или ораторски способности ќе Го задоволат Христос при нивниот обид да станат носители на златни медали пред толпата од евангелски гледачи. Кога Бог нè храни со Своето Слово, Неговата цел не е стремеж кон подобра претставителност на бината, туку секоја област од нашиот живот да биде предадена на Неговиот жртвеник Пред да оживееме кон сè што е Тој, претходно мора да се биде мртов во сè што сме ние, нашето самосожалување, нашата независност, нашата самоцентричност, нашето самозадоволство, нашата самоправедност... листата продолжува натаму.*

Со болка во срцето апостол Павле изјавува дека, освен Тимотеј, тој не можел да најде друга личност, што ќе се „грижи" за црквата во Колос. Бидејќи многу христијани од тој град, и покрај нивното искуство не знаеле дека љубовта „не бара свое," го читаме тажното обраќањето на Павле: *„Сите други го бараат своето, а не она што е на Христос Исус"* (Филипјани 2:21).

Каде се денешните христијани, кои навистина се грижат за страдањето на црквата во многу делови од светот? Дали сме

*Во Библијата, смртта никогаш не значи исчезнување, туку одделеност. На пример, физичката смрт е одделеност на душата од телото, а вечната смрт е вечна одделеност на душата од Бог. Со слично значење, смртта на самостојниот живот е продолжено одделување на себичните потреби од човечките навики на однесување. А ова, како што видовме, може да се оствари во силата на Божјиот Свет Дух.

преоптоварени со ефектите на животот, немајќи време да ги сакаме луѓето, кои немаат никој друг што навистина се грижи за нив? И мора да запомнеме дека само Божјата љубов не бара свое и е долготрпелива. Како што претходно чашата полна со киселина мора да се испразни од својата горчина, пред да стане примамливо сладок исцедениот џус од портокал, така и нашиот самостоен живот мора прво да ја почувствува смртта, пред да биде исполнет со Божјата љубов. Слава на Бог, зашто овие две служби се дел од милостивата работа на Светиот Дух во нашите животи.

Колку ни е потребно да продолжиме да бараме од Светиот Дух да нè умртвува, со радикално одделување на делата на самостојниот живот, за возврат, да нè исполни до преполнетост со Божјата љубов: *„Зашто Божјата љубов веќе е излеана во нашите срца преку Светиот Дух, Кој ни беше даден"* (Римјани 5:5).

Кога овие вистини ќе започнат да вибрираат во твоето срце, за време на твојот час на заедништво, Светиот Дух ќе ја отвори свежата вистина за тебе од Божјото Слово.

Се вели дека секој верник треба да има „чисти сметки со Бог." Ајде постојано да се уверуваме дека ништо во животот нема да го наруши ова заедништво со Него.

**Духовен преглед**

1. Во присуството на мојот Господ, свесен сум за секој неисповедан грев за кој не сум се покајал?
2. Дали имам проблем со:
   - Непростувачки дух?
   - Мамење на луѓето за да покажам добра слика за себе?
   - Завидување за дарбите и имотот на другите?
   - Мрморење и критицизам?
3. Дали може да имам вера бидејќи мојата совест е чиста?
4. Дали мојот живот на земјата навистина е христоцентричен или сѐ уште е егоцентричен?

*Сега може да се вратиш на молитвата на Вилијам Макларди Бунтинг (страна 24) а потоа тивко размислувај и моли се со истата молитва за себе.*

*Кога чекориме со Бог*
*во светлината на Неговото Слово,*
*каква слава, што тече по нашиот пат!*
*Додека ја следиме Неговата добра волја,*
*Тој сè уште пребива во нас*
*и во секој што верува и слуша.*

*Ниту сенката нема да надвладее,*
*ниту облакот на небото,*
*туку Неговата насмевка ќе понесе сè;*
*Ниту сомнеж, ниту страв,*
*ниту знак, ниту солза,*
*не може да пребива додека се верува и*
*слуша.*

*Но, никогаш нема доказ*
*за утехата на Неговата љубов*
*сè до целосниот принес на олтар;*
*Бидејќи помошта од Него*
*и присутноста на радоста,*
*има сè додека се верува и слуша.*

*Потоа во сведоштвото слатко*
*ќе стоиме на Неговите стапки,*
*или чекориме на Негова страна по патот;*
*Неговиот збор е наша заповед,*
*чекориме таму каде што нè испраќа —*
*без страв, додека се верува и слуша.*

*— Џон Х. Семис*

ГЛАВА

4

# Време на заедништво

Кога размислуваш за ова, постојат само малку поголеми изрази на гордост од размислувањето дека сме подготвени да се соочиме со предизвиците на денот, без претходно да се повикаме на тоа дека Господ Исус Христос е доволен, со отворена Библија и отворено срце.

Давид го идентификувал соодветното семе, од кое се развива духовно продуктивен живот. Тој вели дека личноста што медитира на Божјото Слово е личност, која својот род го дава навреме... и во сѐ што прави, напредува (Псалм 1:3).

Каков тип на личност е овој? Дали е оној, на кој му омилел законот на Господа и во законот Негов дење и ноќе се поучува (Псалм 1:2).

Понекогаш, на луѓето што го примиле Господ Исус во нивните срца и животи, им велам: „Една глава на ден, го задржува ѓаволот на маргините!" Читај дел од Светото Писмо, а потоа врати се и прочитај го повторно. Правејќи го тоа, ќе бидеш способен да медитираш на него, стих по стих. Дали некогаш си видел крава на поле како прежива? Тревата се џвака, проголтува, а потоа се враќа во устата на кравата, сѐ додека целокупната храна не се конзумира. Ова е добар пример, што значи вистинска медитација врз Божјото Слово!

Познавав еден човек кој се обратил на својот седумдесетти роденден. Во тоа време, тој не знаел многу за Библијата. Пред да го пронајде новиот живот во Христос, не посетувал црква; ниту пак имал некои вештини од академско ниво. Меѓутоа, по ова искуство на повторно раѓање, неговиот копнеж растел во благодатта, љубовта и познавањето на Господ Исус Христос, и сѐ до моментот кога заминал на небо, на возраст од осумдесет и три години, тринаесет пати ја прочитај Библијата од почеток до крај. Без разлика на твојата возраст или едукациска позадина, можеш да ја читаш Библијата секој ден.

Отворена Библија, чисто срце, понизен став на духот и молитвата

на Давид: *„Отвори ги очите мои, и ќе ги разберам чудесата од Твојот закон"* (Псалм 119:18), ќе го подготват патот за плодоносно време со Господ.

Како што забележавме претходно, некои луѓе не сфаќаат дека часот на заедништво е навистина двостран разговор. Бог ни говори кога медитираме на библиските стихови што ги читаме.

За жал, многу луѓе не успеваат да разберат дека, откако Бог со љубовна понизност ќе проговори на нашите срца, Тој чека на наш одговор во молитва кон Него. Кога возвраќаме на Божјото Слово, тоа Слово станува дел од нашето размислување. Кога со молитва делуваме врз основа на Божјото Слово, станува дел од нашиот живот.

Сега, можеби ќе се запрашаш: „Како може Бог да ми зборува кога ја читам Библијата?" Лично, мене ми помага да размислувам за секој стих, што го читам со прашања во мојот ум. Некои од нив си ги поставив пред многу години. Им дозволувам на овие прашања да ме водат, додека во молитва комуницирам со Бог. Да ти предложам, исто така, да го насочуваш твоето размислување додека медитираш на Божјото Слово. Бидејќи јас зависев од овие прашања многу години, тие станаа за мене втор живот, откако се привлеков да бидам до Бог и до Светото Писмо.

Ќе забележиш дека некои од следниве прашања бараат чин на послушност, други бараат одговор во вера, трети ќе те насочат во фокусот на некои опасности и предупредувања; некои ќе предизвикаат исцрпеност во славење и обожување пред Бог; и конечно некои ќе ти помогнат да ги откриеш суптилните алати на твојот непријател, ѓаволот, и ќе те оспособат да разбереш дека Христовата победа над сатаната е твоја победа.

## *ОДГОВОР НА ПОСЛУШНОСТА*

Бидејќи треба да имаме чисти сметки со Бог, доколку внимателно го препознаваме Неговиот глас, исто така, ако нашиот час на заедништво не е во мирување, важно е нашата волја да се прилагоди во послушноста на Неговото Слово, секогаш кога Светиот Дух зборува.

**Живото заедништво бара предадена волја.**

Кога ја читаш Библијата во твојот час на заедништво, добро е да запрашаш:

Дали во овој стих има:

Наредба за послушност?
Избегнување на грев?
Добар пример за следење?
Избегнување на лош пример?

Дали гледаш колку многу лични прашања може да се извлечат во двонасочниот однос со твојот Господ? Тоа нема да те остави да размислуваш само за вистината што си ја прочитал. Кога ќе ги одговориш овие прашања во присуство на Бог, неопходно ќе биде да одговориш активно во твоето срце, за она што Бог ти го кажал.

Секогаш запомни дека Светиот Дух е лично со тебе кога го читаш Божјото Слово, и ако навистина се потпираш на Него, Тој ќе го спушти Божјото Слово за дваесетина сантиметри подолу, од твојата глава во твоето срце!

Сите ние живееме во опасни денови, кога светот се натпреварува во бунт и непослушност кон Божјите заповеди. За да се влијае на генерацијата која е отфрлена од Христос, ние мора да бидеме послушни и со отворено срце. Само откако ќе започнеме да ги слушаме вистините што Бог ни ги говори, ќе бидеме отворени за Неговата моќ која ќе тече од нас кон светот во потреба.

Неодамна, јас и жена ми споделивме цитати од книгата на Освалд Чемберс, Најдоброто од мене за Неговото Величество. Ова е парафраза на она што го прочитавме:

> Послушај го Бог во работите што ќе ти ги каже, и тогаш ќе се отвори следната можност… „Можеби ќе го разберам тоа еден ден!” велиш ти. Но, чекај малку, можеш да го разбереш токму сега! Тоа не е наука за која е потребен специјален пристап; тоа е послушност. Дури и најмалиот фрагмент на послушноста, ќе го отвори прозорецот на небесата, каде најпророчките вистини на Бог ќе чекаат на тебе. Но, Бог никогаш нема да ти открие дополнителна вистина за Себеси, сè додека не го послушаш она што веќе го знаеш.

Се кажува дека една вечер, двајцата големи пионери на мисионерството, Чарлс Т. Стад и Хадсон Тејлор, престојувале во една соба. Рано наутро Тејлор се разбудил и го пронашол цимерот надвиснат над отворената Библија, осветлен од свеќа, и го запрашал колку време седи така. Како одговор на прашањето на Тејлор, Стад одговорил:

„На полноќ, се разбудив со зборовите на Господ Исус во мене: *„Ако Ме љубите, ќе ги пазите Моите заповеди”* (Јован 14:15). Се запрашав, дали ја докажав мојата љубов кон Господ Исус со целосна послушност? Отворајќи ја Библијата, го поминав остатокот од вечерта во читање на евангелијата. Таму ја побарав секоја заповед, што Бог им ја дал на Своите ученици. Со Божјата благодат, на местото каде што бев послушен на Неговите заповеди, ставав мал знак во мојата Библија и го забележував зборот, алелуја! Онаму, каде што бев непослушен, го исповедав мојот грев, и со овозможената благодат, повторно се посветував себеси во послушноста кон Него, за да докажам дека навистина го љубам.”

Драг читателу, откако еднаш ќе зачекориш со Господ во светлината на Неговото Слово, ти исто така ќе им се придружиш на писателите на химните, во сведоштвото дека нема друг пат, освен патот на „довербата и послушноста.”

## *СООДВЕТНОСТ НА ВЕРАТА*

Кога ја читаш Библијата во твојот час на заедништво, добро е, исто така, да се запрашаш:

Дали во овој стих има:

Изјава на ветување?
Предупредување за внимателност?

Библијата е полна со ветувања. Кога медитираме на Божјото Слово, неопходно е да се повикаме на Божјите ветувања. Во исто време, меѓутоа, мора да ги набљудуваме сериозните предупредувања. Да се внимава на Божјото ветување, додека се игнорираат Божјите предупредувања, не значи „живот со вера” туку „умирање со создавање на вера”!

Додека секојдневно ја читаш Библијата, забележи го секое Божјо ветување, а потоа прифати го за себеси. При секој одговор на Божјите ветувања, само Господ Исус Христос ќе биде моќта, што ти е доволна за новиот чекор на послушност, во реалноста на твоето лично животно искуство.

Неговите ветувања ти се дадени, за да станеш „жива” вистина во твоето чекорење со Бог. Додека се придржуваш на Неговите ветувања, твојата вера постојано ќе се зајакнува, бидејќи кажано е: *„И така, верата доаѓа од слушање, и тоа од слушање на Христовото слово”* (Римјани 10:17).

Дали си се запрашал, што е спротивно на верата? Одговорот не е едноставен, како што изгледа. Да се каже дека неверата е спротивно на верата, повлекува навистина полно внимание на ова прашање. Замисли да ги посакаш трите „роднини" на животниот дар. Првиот е верата, вториот е зависноста, третиот е понизноста. Сега, размисли за трите „роднини"на смртта. Прв е неверата, втор е независноста, а трет е гордоста.

Човек со вера е човек кој зависи од Господ Исус Христос, во извршување на она што никогаш не би направил за себе. Кога ја чита Библијата, човекот на вистинската вера ќе ги забележи, а потоа лично ќе одговори на нескршливите Божји ветувања.

Господ Исус Христос им рекол на Своите ученици: *„зашто без Мене не можете да сторите ништо"* (Јован 15:5). Пред некој да може да му верува на Господ, во извршувањето на секаква духовна вредност преку Него, тој мора да биде убеден дека не може да стори ништо со своја сила, што ќе се одрази на вечноста. Овој вид на зависна вера, може да се роди само во понизно срце.

Човек со невера, од друга страна, е човек кој се смета себеси за независен и нема потреба од Божјата помош. Тажно е да се каже дека милиони луѓе денес не зависат од Господ Исус Христос, во однос на своето спасение. Еднакво тажен е фактот дека многу христијани не зависат од присутниот Христос да им овозможи да живеат христијанскиот живот. Секоја форма на човечка независност, се раѓа во горделиво и непосветено срце.

Така, може да кажеме дека спротивно на верата е гордоста, додека спротивно на неверата е понизноста. Без разлика на модерното размислување, самодовербата и независноста секогаш го заштитуваат срцето против добрата доза на верата.

Секое светско влијание, кое е создадено да го разнесе егото, ќе ја разочара довербата на личноста во натприродната моќ на воскреснатиот Христос. Божјите неограничени ресурси стојат зад секое Негово ветување, и Тој не нè препуштил на нашите сопствени методи, или ум во патувањето низ животот.

Г.К. Честертон (1874-1936) мудро го ставил својот прст на парадоксот за самозадоволителна гордост. Тој напишал:

> Денес страдаме од погрешна скромност. Скромноста е всадена врз органот на довербата, на место кое не ѝ припаѓа. Човекот требаше да има сомнеж за себеси, а не за вистината; но сега сè е обратно.

Секој христијанин кој останува зависен од човечкото советување на другите луѓе, или ја става довербата во себеси, наместо во Господ,

нема никогаш да навлезе во полнотата на Божјиот благослов. Како што секогаш водата тече надолу, исто така, Светиот Дух Кој е опишан од Исус како Жива Вода, нема да тече во личност, чија душа... е горделива... (Авакум 2:4 ).

Меѓутоа, Светиот Дух ќе пребива во изобилство во срцето на секој верник кој понизно ја признава својата потреба за Христовата моќ на возможното.

> *Во последниот ден, големиот ден на гозбата, Исус застана и извика, велејќи, „Ако е некој жеден, нека дојде кај мене и нека пие. Кој верува во Мене, како што е кажано во Писмото: од неговата внатрешност ќе потечат реки на жива вода"* (Јован 7:37-38).

Секој ден можеш да паѓаш пред нозете на Исус и да пиеш од таа жива вода. Правејќи го тоа, животот нема да го гледаш преку твоите таленти или образование, твојот живот ќе биде карактеризиран со изобилното излевање на Божјиот Свет Дух, во твоето најдлабоко битие.

Запомни дека во Личноста на Светиот Дух, нашиот воскреснат Господ се понизил во облекувањето на Себеси, со физичката форма на секое нановородено Божјо дете. Всушност, денес верникот е стратегиска претходница на Господ Исус во безбожниот свет. Преку секој расположив христијанин, Светиот Дух продолжува да ја проширува Својата спасоносна работа во животите на другите луѓе.

> *Зашто, ние сме храмот на живиот Бог, токму како што рекол Бог: „Ќе живеам во нив и ќе одам сред нив, и ќе им бидам Бог, а тие ќе бидат Мој народ"* (2 Коринќани 6:16).

Да, ние сме Божјите храмови, преку кои Тој посакува да ја демонстрира Својата светост и слава! Со признавање на овој зачудувачки факт, Павле продолжил со сериозната изјава: *„И така, мили мои, кога ги имаме овие ветувања, да се исчистиме од секоја духовна и телесна нечистотија, усовршувајќи ја својата светост во страв од Бог"* (2 Коринќани 7:1).

## *РЕАЛНОСТ НА СЛАВЕЊЕТО*

Како помош во вистинското славење на Господ, во твојот час на заедништво, корисно е да се имаат во предвид следниве прашања:

Дали во овој стих има:

Јасна претстава за Бог Таткото?
Јасна престава за Бог Синот?
Јасна претстава за Бог Светиот Дух?

Охрабрувачки е да се забележи, дека денес постои нов копнеж помеѓу Божјиот народ за вистинско славење на Бог. Господ Исус Христос го охрабрил ова славење, кога рекол: *„Бог е Дух, и оние кои Му се поклонуваат, треба да Му се поклонуваат во дух и вистина"* (Јован 4:24). Со други зборови, вистинското славење мора да биде под помазанието на Светиот Дух и според вистината на Божјото Слово. Само овој вид на славење, ќе донесе радост во Татковото срце.

Кога Светиот Дух привлекува внимание кон чудата на Божјата Личност, Неговата љубов, Неговата моќ, Неговата светост, Неговата слава, Неговата благодат, Неговата добрина и други карактеристики на Неговата убавина, нашите срца ќе бидат привлечени во новата песна на славење и обожување на Господ. Понизниот став може да ни помогне да го негуваме вистинскиот став на умот, што се однесува на молитвата кон Бог. Но, можеме заедно да откриеме дека тоа се оние посебни интимни моменти во твојот живот, кога понизноста не е доволна во изразувањето на твојата љубов и потчинетост кон Него.

Интересно е да се забележи дека откако Јован дошол во присуството на славеникот Христос, на островот Патмос, не само што клекнал кога го видел Него, туку паднал како мртов (Откровение 1:17).

Меѓутоа, важно е да се разбере дека секогаш, кога верникот ќе пронајде нешто скапоцено, често постои опасен фалсификат во близина! Господ Исус Христос не само што ни дал инструкции за вистинското славење, туку исто така ни дал сериозни предупредувања за активностите, кои иако наликуваат на славење, преставуваат фалсификат на вистинското славење. Во времето кога Тој ја охрабрил Самарјанката да слави во „дух и вистина", Господ Исус го навел даденото: *„Вие му се поклонувате на она што не го знаете"* (Јован 4:22).

Славењето е повеќе од емоција; бидејќи се фокусира кон Личноста на Господ Исус Христос. Ако целта на славењето е да се занесат луѓето, наместо целосно да се променат, тогаш лажното славење го заменило вистинското славење. Секако, Господ бара нешто повеќе од духовната возбуда, доколку сакаме да се исполниме со обожување на нашиот Бог.

**Вистинското славење е понизна насоченост на умот и срцето кон Суверениот, Живиот Господ Исус Христос, при Неговото откривање во Божјото Слово. Кога ќе се случи ова, ќе предизвика внатрешно паѓање пред Него во предаденост и обожување.**

## *АРТИЛЕРИЈА НА СЛОВОТО*

Да, Бог го благословува твојот час на заедништво. Сега, твојата совест е чиста. Со признавање на она што Исус го сторил за тебе на крстот, ти се одрекуваш од твоето „право" на самиот себе, твојата репутација, твоите амбиции и твојата посесивност. Сега си врзан за нова димензија на славење и обожување на Господ. Дали се наоѓаш близу до основата на Божјата цел за благослов на твојот час на заедништво? Па, не сосема!

Кога ја читаш Библијата, постојат и други прашања за кои треба да размислиш. Овие прашања ќе ти помогнат во заштитата од суптилните алати на Божјиот вечен непријател.

Дали во овој стих има:

Јасна претстава за личноста на сатаната?
Јасна претстава за неговите зли намери?
Јасна претстава за неговите суптилни алати?

Еднаш слушнав за едно мало момче, кое се враќало дома од Неделното училиште. Таа вечер неговата мајка го забележала како клечи пред креветот. „Што правиш?" запрашала таа. „Го заплашувам сатаната", следел брз одговор. „Денес во неделното училиште пеевме една нова химна: ‚Сатаната трепери кога ќе ги здогледа најмалите светии на нивните колена,' така што и јас клекнав за да го заплашам сатаната!"

За жал, треба многу повеќе од самото клекнување, за да се натера сатаната да затрепери. Сатаната трепери само кога, во името на Исус, му ја откажуваш водечката улога во твојот живот и кога истото семоќно име на Исус, го употребуваш преку Светиот Дух, за да ги вратиш скапоцените животи од смртоносните прегратки на ѓаволот.

Многу христијани мислат дека доколку го остават сатаната во мир, и тој ќе ги остави. Но, за жал, тие се во заблуда. На пример, кога доаѓаш при Бог во молитва, дали некогаш жалиш за минатиот пораз, дури и откако си се исповедал и покајал? Сатаната секогаш ќе те обвинува за грев, што веќе си го предал на крстот. Кога сатаната

ќе те потсети на твоето минато, потсети го сатаната на неговата иднина. Иако Бог рекол дека не се сеќава на гревовите што ти ги простил, сатаната сака ти да се сеќаваш на секој од нив, за да започнеш да се сомневаш во вистината на Божјото љубезно простување. Несигурноста, стравот, збунетоста и очајот се класични симптоми на сатанските обиди при попречувањето на твоето чекорење со Бог. Тој ќе стори сѐ, за да ја одземе твојата радост и мир. Но Бог, ако се надеваш на Него, секогаш ќе ти овозможи да ја препознаеш стапицата на сатаната, а потоа, со сите оружја кои Бог ги дава, мора да ја затвориш секоја врата на ѓаволската инвазија!

Во човечкото војување, постојат дефанзивни и офанзивни стратегии. Ниту една битка не е добиена само со дефанзивни маневри. Исто така, во духовното војување, суштински се и дефанзивните, и офанзивните стратегии. И двете имаат потреба од артилеријата на Божјото Слово. Еден од повеќето охрабрувачки аспекти на развивањето на плодоносен час на заедништво, е директно и индиректно конфронтирање со сатаната, кога си во состојба да го цитираш Светото Писмо што си го читал, и на тој начин можеш да се молиш библиски. Прекрасно е да се знае дека,кога се молиш според Божјото Слово, се молиш според Божјата волја! А Божјата волја за тебе е да ја спознаеш победата над сатаната и неговите обиди да го уништи твојот духовен живот.

**Дефанзивно духовно војување**

Дали се сеќаваш кога Господ Исус бил искушуван од сатаната? Се надевам дека Исус тукушто завршил со Својот час на заедништво, читајќи од 5-та книга на Мојсеј. Секако, стиховите што ги цитирал во самоодбрана против ѓаволот, се наоѓаат во оваа книга. Три пати, нашиот Господ го цитирал напишаното Божјо Слово: Напишано е... Напишано е... напишано е... (Матеј 4:4, 7, 10). Моќната артилерија на Божјото Слово го принудиле сатаната да избега од Исус!

Исто така, ако сакаш да го победиш ѓаволот, мора да научиш како да ја практикуваш Библијата, како твое оружје за дефанзивно војување. Кога сатаната ќе ги посади неговите лажни предлози во твојот ум, решението за тебе мора да биде Божјото Слово. Содржината на часот на заедништво ќе докаже дека Божјото Слово живее во твоето срце во тој час.

Следнава поема е од непознат автор и се однесува на оваа вистина, запишана во Ефешаните, глава 6.

**Тактиките на ѓаволот**

Денес доаѓам од брутална битка
во моето место на молитва.
Заминав да се сретнам и зборувам со Бог,
но го најдов сатаната.
Тој ми шепна, „Ти не знаеш да се молиш;
и одамна си изгубен.
Можеш да изговараш, додека си на колена,
но знаеш, ти не можеш да молиш.”

И тогаш го спуштив мојот шлем,
долу врз моите уши;
Најдов помош, стишувајќи го тој глас,
А помошта го смири мојот страв.
Го проверив даденото ми оружје друго;
Моите нозе на мирот ми беа обувки.
Мојата половина, препашана со вистината.
Мојот меч; Божјото Слово.
Мојот оклоп на праведност беше тука,
Како заштита на моето срце од љубов.
Мојот штит на верата беше нескршен;
Одбивајќи ги неговите огнени стрели.
Викнав кон Бог во името на Исус;
застанав пред скапоцената крв,
и додека сатаната исчезна во срам,
се сретнав и зборував со Бог!

**Офанзивно духовно војување**

Целосните победи, меѓутоа, бараат повеќе од едноставна дефанзивна стратегија! Надвор постои еден повреден свет. Тоа е дом на милијарди драгоцени луѓе, за кои Христос умрел. Насекаде, мажите и жените се повредуваат, и многумина се заслепени и оковани од сатаната. Мислам дека сатаната знае дека неговото време е кратко, и поради тоа, тој го прави својот последен неморален обид, во обезбедување на безбожничка вечност за луѓето кои умираат.

Иако знаеме дека Бог го подготвил „огненото езеро” за сатаната и неговите демонски орди, мора да запомнеме дека Бог не го подготвил „огненото езеро” за човештвото. Не, навистина! Тоа важи за сите изгубени луѓе, за кои Христос умрел. Меѓутоа, во сатанскиот

гнев и омраза на сè што е свето и добро, тој сака да повлече со него колку што е можно повеќе души, кои ќе му се придружат во неговите вечни страдања. Во оваа војна за изгубените души, Христос продолжува да бара и да спасува (Лука 19:10), преку христијаните што ги има на располагање.

Дали некогаш си се запрашал, зошто интелегентните луѓе не можат да ја разберат едноставната порака на евангелието? Во Библијата е наведен причинителот за нивното размислување, и зошто им е толку тешко на некои неверници да станат верници:

> *„Ако пак е скриено нашето Евангелие, скриено е за оние кои гинат, на кои богот на овој свет (сатаната) им го заслепил разумот, за да не ја видат светлината на Евангелието на славата на Христос, Кој е Божји лик"* (2 Коринќани 4:3-4 КЏ).

Кој го запира навлегувањето на светлината на Божјата љубов и вистина, во разумот на неверникот? Ѓаволот! Дали го имаш во предвид овој факт, кога се молиш за спасение на мажите и жените? Додека се молиме, мора да ги ослободиме умовите на необратените луѓе од измамата на сатаната, со повикување на семоќното име на Исус. Тоа е она прекрасно, моќно и победоносно име, за кое Чарлс Весли напишал;

Исус! Име над сè,
во пеколот, на земјата или небото;
Ангелите и луѓето пред својот пад,
и демоните се плашат и бегаат.

Да! Победата над сатаната и сите негови демонски орди е вечно осигурана на голготскиот крстот: Затоа се јави Божјиот Син, за да ги разурне делата на ѓаволот (1 Јован 3:8). Алелуја! Ние не се бориме во изгубена битка. Секако не! Ја носиме дома победата, што е засекогаш обезбедена пред две илјади години.

Во шахот, можно е да направиш важен, неповратен потег на победа против твојот противник. Затоа, неговиот пораз ќе биде осигуран. Но, ако твојот противник е тврдоглав, иако нема да има шанса да го избегне поразот, сè уште може да го одложува моментот на твојата победа.

Така постапува сатаната; иако нема никакви шанси да ја победи оваа војна, тој се обидува да го одложи Божјото предодредено време за негово конечно прогонување на подолг период. Благодарение на Бог, во останатиот краток период на времето, пред

сатаната да биде врзан во окови, тој нема да остане само како поразен непријател, туку и како разоткриен непријател. Библијата ни вели дека: *„Не ни се непознати неговите намери"* (2 Коринќани 2:11). Да се познава стратегијата на непријателот, значи да се има предност во борбата!

Апостол Јован ја запишал победата на светиите над ѓаволот, и начинот на кој Божјата победа стана нивна: *„А тие го победија заради крвта на Јагнето и заради словото на своето сведоштво, и не зажалија да го дадат и својот живот"* (Откровение 12:11). Знаеме дека нашиот стар човек беше распнат со Него, за да биде уништено грешното тело (Римјани 6:6).

**Да, очистувањето на крвта, исповедањето од нашите усни и заедничкото распетие со Христос, се факторите на победата во Исус, над силите на пеколот. Алелуја!**

Радувај се со мене; Господ Исус даде сѐ што е потребно за да станеме зрели, „победоносни" христијани. Но, истовремено мора да бидеме свесни дека, ако не посакуваме да напредуваме во зрелоста кон Божјите планови, Господ никогаш нема да нѐ принуди на духовна зрелост. Нашиот духовен капацитет во Него се одредува во контекст на времето поминато на земјата, и според нашата зрелост во Господ, за да можеме засекогаш да уживаме во тој капацитет, преку јасното и интимно заедништво со Него на небото.

**Духовен преглед**

1. За што размислувам кога заспивам?
2. Кога ја читам Библијата, дали очекувам да слушнам од Бог?
3. Кога ја читам Библијата, дали сум спремен да делувам според она што Бог го кажува.
4. Дали мојот живот сѐ уште се опишува со „јас“ или со Христос кој живее во мене *(Галатите 2:20)*?
5. Дали сум независен? Ако сум, дали сум спремен да ја оставам гордоста и да бидам целосно зависен од Бог?
6. Дали сфаќам дека прославувањето на Бог е највозвишеното нешто кое можам да го правам?
7. Дали Сатаната има престојувалиште во мојот живот?
8. Дали јас лично треба да ја применувам победата на Христос над сатаната?

*Мојата вера пронајде место за одмор,*
*не во предмет или доктрина:*
*му верувам на Единствениот Жив,*
*Неговите рани за мене ќе молат.*

*Моето срце се потпира на Словото,*
*пишаното Божјо Слово,*
*спасение преку името на мојот Спасител,*
*спасение преку Неговата крв.*

*Не ми треба друг доказ,*
*не ми треба друга молитва,*
*доволно е што Исус умрел,*
*и дека умрел токму за мене.*

*— Лиди Х. Едмундс*

ГЛАВА

5

# *Фактор на верата*

Замисли си дека човек се соочува со преминување на река со брзаци за да стигне до својот пријател на другата страна. Тој нема чамец; само летало и неколку парчиња коноп, секое со јачина поголема од претходното, сè до последното парче, кое е цврсто како јаже. Со употреба на најтенкиот коноп, човекот го пушта леталото и го управува, за да го приземји во рацете на пријателот на другата страна од реката. Кон оригиналниот коноп на леталото, тој сега го поврзува појакото парче, а потоа уште појакото, сè додека јажето не биде оптегнато над тешко проодната река. Откако јажето ќе биде заврзано на дрво од двете страни, човекот ќе биде способен да ја помине реката безбедно, за да стигне до пријателот.

Како нановородено Божјо дете, веќе ја имаш ставено твојата вера во смртта на Господ Исус Христос, како Божја љубовна замена за твоите гревови. Но, кога ќе започнеш да ја читаш Библијата, твојата вера може да биде слаба како првото парче на коноп, но тоа беше доволно да го задржи контактот до Божјото Слово при поминувањето на реката! Меѓутоа, бидејќи верата доаѓа од слушање, и тоа од слушање на Христовото слово (Римјани 10:17), ќе откриеш дека со продолжување на читање на Божјото Слово и со применување на Неговите скапоцени ветувања, твојта вера ќе порасне. Божјата цел за секое од Неговите деца е силната вера, која го привлекува блискиот, „заеднички" однос помеѓу Божјото дете и неговиот небесен Татко.

Во Библијата, Јуда ја нагласува важноста на изградувањето врз основа на пресветата вера: *„А вие, мили мои, изградувајте се себеси врз вашата пресвета вера..."* (Јуда 1:20). Овој стих покажува дека врз сигурната основа на пресветата вера, ние треба духовно да се изградуваме (т.е. во зрелост и зајакнување на нашата вера), со изградување на молитвен живот; љубов, животна надеж; активно сочувство и искрено придобивање на душите.

Друг превод на Библијата која ги кажува сите значења на зборовите, ја изразува оваа идеја вака:

> *А вие, мили мои, изградувајте се себеси (затемелени) врз вашата пресвета вера (напредувајте, развивајте се уште повеќе), молејќи се во Светиот Дух, одржете се себеси во Божјата љубов, нестрпливо очекувајќи ја милоста на нашиот Господ Исус Христос (Месијата) (на патот) за вечен живот. Бидете милостиви кон оние кои се сомневаат, спасувајќи ги другите (со стремеж), извлекувајќи ги (нив) од оган. Спрема некои покажете милост, (но) со страв, мрзејќи ја дури и облеката осквернета од телото* (Јуда 1:20-23).

Иако твоето спасение е примено како бесплатен дар преку вера, исто така, кога преку вера си отворен за семоќниот живот на воскреснатиот Господ, твојот живот ќе биде контролиран од Христос во тебе.

Да, праведникот ќе живее по вера (Римјани 1:17; Галати 3:11, Евреи 10:38). Без разлика дали си на небото, или сѐ уште на земјата, ти мора да живееш по вера, верувајќи му на Бог и Неговите ветувања, и со отвореноста кон Него, Тој ќе делува преку тебе. Кога ќе одиш на небото, твојата вера ќе биде авенија, каде со радост и благодарност ќе се радуваш во вечната Божја цел на љубовта, која е над сѐ она, што твојот ослободен разум може да го разбере.

Додека си на земјата, вистинската вера мора постојано да зависи од Господ Исус Христос, за да делува во тебе и преку тебе, во она што никогаш не можеш да го постигнеш на друг начин. Како Божјо дете, предизвик за секој од нас е да расте во вера; ние мора да научиме повеќе и повеќе да зависиме од Оној што дава живот и Создателот на нашиот секојдневен чекор.

Многу често, меѓутоа, се потпираме на нашето човечко размислување, кое заменува многу нешта од вистинската вера. Нашата човечка независност ќе се обиде да ја замени верата со ентузијазам; како и пожртвуваната служба за Господ. Сепак, вистинската жива вера не се докажува со лојалност кон некоја програма, со својата посветеност кон пасторот, или дури со својата посветеност кон целосно познавање на содржината на Библијата. Иако ваквите посветувања може да ја стимулираат вистинската вера, исто така може да се употребат, намерно или ненамерно, како смртоносна, самоводечка замена за динамичната и лична вера.

Вистинската вера е директно поврзана со нашата очекувана зависност од воскреснатиот Господ Исус Христос. За жал, многу христијани мислат дека тие може да успеат во животот со употреба

на своите таленти, или со искористување на своите манипулативни карактеристики, или зависејќи од своите приходите во банка; но Библијата јасно ни говори дека како нановородени верници, со цел да успееме, нашите животи мора да бидат контролирани од Светиот Дух. Ако не ја практикуваме зависната вера во Бог, Светото Писмо изјавува дека целокупната работа, што толку непромислено ја заменуваме за Неговата дејствувачка моќ, ќе исчезне. Нашата ефективност како христијани нема да се одредува со нашиот ентузијазам, туку, дали вистинската вера е мотивирачки извор на сите наши активности, или не.

Сè друго во твојот живот што ти придава чувство на важност или значајност, одвоено од Божјата љубов, без разлика дали се пари, или образование, или пријатели, моќ, работа, или дури твојата физичка појава, е показател дека не живееш по вера. Твојата вистинска сигурност и значење во животот, мора да лежат во твојот Бог и Откупител. Ако не живееш по вера за време на твојата мисионерска служба на земјата, ќе бидеш осиромашен од постојаната радост на Божјото присуство во твојот живот и Неговата служба преку тебе. *„Сè шт̄о не е од вера, грев е"* (Римјани 14:23).

Навистина, Г. Кејт го изразил своето разбирање на важноста на хранењето со Божјото Слово во стимулирање на верата, пишувајќи:

Колку цврста основа,
на Божјите светии,
одмор за твојата вера
во Неговото прекрасно Слово.

Без Божјиот глас, сместен во нашите срца и животи, не може да се има основа за духовен растеж, и не може да се биде маченик на оваа основа, сè додека не го следиме божествениот план за поминување на време со Спасителот насамо, заедно со Него во интимното единство и заедништво.

**Верата е динамика, што го генерира живото заедништво со Бог.**

Пред многу години, се сеќавам дека зборував за темата на пробудувањето, пред околу стотина пастори во Обединетото Кралство. Бог работеше помеѓу нас со голема моќ и испитување на срцето. За време на една јавна молитва, еден пастор стана на своите нозе и со скршена возбуда во срцето и насолзени очи, се молеше вака: „О Боже, признавам дека многу често, кога превземав водство

во молитва пред овие браќа, повеќе бев свесен за нив и за цврстата теологија, наместо за Твојот Свети Дух...”

Нашите срца се толку измамливи, дури и кога се молиме, така што можно е да се криеме зад нашите сопствени зборови, наместо искрено да се обидеме да ги предадеме нашите срца пред нашиот Татко на небото. Да се искаже молитвата, или чинот на „молење,” не значи дека навистина се молиме. Само кога нашите срца се отворено наштимани кон Него, во транспарентноста на Неговата вечна светлина и светост, нашиот Господ го прима божественото задоволство од нашето време на заедништво.

Прекрасно е да се помисли дека грешникот во потреба може да донесе некакво чувство на задоволување на Светиот Бог. Но, Библијата ни вели дека Бог го создал човештвото за таа цел: за да се прослави Тој. Без разлика дали тоа ни се допаѓа или не, секој од нас постои за слава на Светиот Бог! Да живеете достојно за Господ и да Му бидете по волја во сѐ (Колошани 1:10), била најголемата желба на апостол Павле, за црквата во Колос. Бискупот Хендли Моул ја превел фразата „по волја на сѐ”, како „секакво очекување на Неговата волја!” „По волја на сѐ” значи „приоритет на волјата на другите, пред твојата сопствена волја”.

Обидот да се угоди на себеси, наместо да се угоди на Бог, ќе значи дека ние сме определени да ги удираме нашите стапала на секоја карпа, да удираме со глават во секој ѕид и да преминуваме преку секоја пречка, покрај патеката на животот. Но, таа радост е во срцето на секој верник, и во срцето на Бог Лично, кога Божјото дете има заедништво со Својот Создател во транспарентното светло на Неговата слава и љубов!

Библијата ни помага во откривањето на вистинската поврзаност помеѓу „верата” и „угодувањето на Бог”. Негативната граматичка структура, со која е напишан стихот, не создава поврзаноста помеѓу верата и угодувањето на Бог покатегорично: А без вера не е можно да Му се угоди... Потоа, истиот стих ја префрла позитивната изјава, со донесување на големо охрабрување на секој вистиниски верник. Ни говори дека „заедништвото” со Бог, резултира со „наградување” од Бог... *„зашто оној кој Му пристапува на Бог мора да верува дека Тој постои и дека ги наградува оние кои Го бараат”* (Евреи 11:6). Духовните награди, што Бог срдечно ги дава на личноста која живее во интимно заедништво со својот Спасител и Господ, се целосно необјасниви; тие може да се разберат откако лицето ќе ги доживее. А клучот за живото заедништво со Бог, што Нему му носи задоволство, а на Неговите деца радост, е верата.

**Верата е средство, преку кој Светиот Дух ја насочува победата на воскреснатиот Господ кон Божјото дете.**

Како што нагласивме, возможно е, за жал, да се надеваме на Божјите ветувања, или преку слушање на проповедникот, или преку читање на Божјото Слово, и сè уште да имаме чувство дека сме без духовна добивка: но немаа полза од словото... зашто не беше проследено со вера (Евреи 4:2).

Само кога Божјото Слово се спушта од главата во срцето, со дополнителната лажица на верата, волјата за читање на Божјото Слово ќе стане профитабилна. Тоа значи дека Светиот Дух го донесува правото на благодат на Господ Исус Христос во нашите животи, за да бидеме способни да ја зграбиме секоја можност да Му служиме на Господ, а тоа ќе го покаже Неговото право на моќ, при соочувањето со секој проблем во животот.

Едно е сигурно, секој вистински верник ќе ги искуси деновите на вистинско испитување и искушение. Сатаната лично постојано ќе го употребува „словото" со своите искушувачки предлози, за да нè оддалечува секојдневно од заедништвото со нашиот Господ. Ништо не е поужасно за сатаната од Божјото дете во постојано заедништво со својот Откупител и Господ. Затоа, не треба да нè изненадува дека злиот ќе ги превземи сите мерки, за да ги оддалечи нановородените христијани од својот Создател, со цел да ги спречи во доживувањето на изградбата на верата во часот на заедништво.

За духовно наивната личност, материјалниот свет е единствената реалност во животот. Но, само спротивното е вистина; всушност, духовниот свет е тоа што ја опкружува конечната реалност. Зашто сè што е во светот: похотата на телото, похотата на очите и суетната гордост на животот, не е од Таткото, туку од светот (1 Јован 2:16). Бидејќи луѓето лесно се залажуваат, ѓаволот има помала тешкотија во искористување на своите алати, за да ги заведи христијаните.

Библијата ни говори дека ние сме искушувани преку похотата на телото (тоа е, задоволство без одговорност); похотата на очите (тоа е, поседувањето без одговорност); и суетната гордост на животот (тоа е, моќта без одговорност). Сатаната ги знае сите трикови на попречување, во она што Бог го испланирал за нас; тој ќе стори сè, за да нè оддалечи од Господ. Злиот знае дека кога сме во таков интимен контакт со нашиот Бог, духовно ќе растеме и со тоа, ќе предизвикаме зголемено задоволство на нашиот небесен Татко.

### *Похотата на телото*

Во денешниот, без сомнение, неморален свет, што е многу очигледно исполнет со сексуална загаденост, сатаната го провоцира похотниот апетит на телото. Нашиот непријател е способен да пронајде влез во животите на луѓето, кои се апсорбирани со сензуалното, физичкото и материјалното. Меѓутоа, оние кои биле измамени од сатанските зли предлози, премногу често откриваат дека вжештеноста на грешните задоволства експлодирала, не оставајќи ништо освен чувство на празнина и срам!

### *Похотата на очите*

Ако сме привлечени од лизгавиот свет на комерцијализмот, и ако им завидуваме на богатството на другите луѓе, сатаната е способен да направи злобна предност. Големиот измамник шепоти, „Само кога би имал нов часовник, парче земја, поголем дом, ќе бидеш среќен". Но, бидејќи: ...*„Човекот не ќе живее само од леб, туку од секој збор што излегува од устата на Бог"* (Матеј 4:4), наскоро ќе откриеме, откако ќе се фатиме себеси во последните стапици, дека нашите нови барање не ни донесуваат вечна сатисфакција.

### *Суетната гордост на животот*

Вратата за уништувачките маневри на сатаната е исто така широко отворена преку нашата арогантност, егоизам и лажно чувство на независност. Бог ја мрази гордоста во секој облик! Пред сè, да се има доверба во нашата сопствена способност за контрола на нашата судбина е спротивно на верата, бидејќи верата е доверба во Господ Исус. И како што претходно нагласивме, Бог рекол дека единствениот одговор на гордоста во животот е: *„Понизете се пред Господ, и Тој ќе ве возвиши!"* (Јаков 4:10). Понизното признавање на твојата зависност од Семоќниот Бог, е единствен начин за затворање на вратата на сатаната, кога тој суптилно те советува дека си независен.

Бог јасно ни говори дека: ...*„ова е победата која го победи светот - нашата вера"*. (1 Јован 5:4).

Но, пред потполно да навлезеш во победата на верата (кога сатаната ти наближува преку сè, што се наоѓа во светот), исто така е важно

да се научи лекцијата, со која Бог ги поучува Своите ученици. Тој ги предупредил за уште една голема пречка во вистинската вера. Како можете да верувате, запрашал Исус, кога примате слава еден од друг, а не ја барате славата што доаѓа од единствениот Бог? (Јован 5:44) Со овие зборови, Господ Исус сериозно им покажал на Своите ученици, дека верата никогаш нема да постои заедно со желбата за примање на слава, обожување и почит од другите луѓе.

Кога уживаш во твојот секојдневен час на заедништво, твојата вера ќе расте. Потоа кога ќе се соочиш со испитувањата и можностите на животот, ќе знаеш како да ја практикуваш живата и победоносна вера.

**Духовен преглед**

1. Дали во моите секојдневни активности имам вера која што функционира?
2. Дали гледам проблем во секоја можност или можност да докажам дека Бог ми е доволен во секој проблем?
3. Дали сакам совет од Бог или сакам да Го советувам Бог?
4. Дали мојот живот е отпорен на паника бидејќи секојдневно живеам во зависност од Бог?

*Господе, зборувај ми, за да проговорам*
*во живото ехо на Твојот глас;*
*Како што ме пронајде, дозволи ми да ги барам*
*Твоите грешни деца, изгубени и сами.*

*Научи ме, Господе, за да ги поучувам*
*прекрасните нешта што ги донесе,*
*и раздвижи ги моите зборови, за да ги достигнат*
*скриените длабочини на многуте срца.*

*О исполни ме со Твојата полнота, Господе,*
*додека срцето не се преполни,*
*во нежната мисла и светлиот збор,*
*за виделото на твојата љубов,*
*покажувањето на Твојата слава.*

*— Френсис Ридли Хавергал*

ГЛАВА

# 6

# *Време за говорење*

Една вечер, откако проповедав на службата, еден татко дојде кај мене и побара да се молам за него. Бог беше со нас на необичен начин. Таткото ми кажа дека имал проблем при сведочењето на неговите колеги и пријатели. Како што постапувам често, кога некој бара помош, тивко го молам Бог за откривање на вистинската потреба во животот на овој човек. Си одговорив: „Не мислам дека тоа е вистинскиот проблем. Дали ќе клекнеш со мене и ќе го запрашаш Бог да ти покаже, зошто имаш проблем при сведочењето?" Без размислување, таткото клекна и се молеше.

Правејќи го тоа, се чинеше дека Бог Лично го откри подлабокиот проблем, наместо тивките усни. Со голема скршеност, мојот пријател му кажа на Бог дека бил тиранин во својот дом и особено се однесувал диктаторски кон своите деца. Со покајание на срцето, побара од Господ да му прости.

Таа вечер, никогаш не разговаравме за неговиот проблем со сведочењето, бидејќи Исус лично му се објави на таткото на нов и жив начин. Следната вечер, тој дојде на служба со озарено лице и со радост ми кажа: „Не можев да запрам цел ден со зборување на другите за Исус!"

Никаде во Библијата не е нагласено целосното објаснување на „планот за спасение" на необратените луѓе! Меѓутоа, ние сме принудени да чекориме во постојано заедништво со Господ Исус Христос, така што, при споделувањето на евангелската порака со нив, излевањето на Неговата љубов преку нас, ќе ги принуди нивните срца да ја слушнат вистината за Божјото Слово.

Меѓутоа, во оние денови кога нашите срца не се наштимани во живо заедништво со Него, ќе откриеме дека нашето сведоштво не е особено ефективно и плодоносно. Всушност, во тие денови нашите усни ќе бидат запечатени од споделување на Божјото Слово со другите луѓе, а ние ќе бидеме неспособни спонтано да го откриваме

Господ на светот без Христос околу нас.

Започнувањето на секој ден со часот на заедништво со Бог, е прв чекор кој ќе ти помогне да се ослободиш од оние потиснувања, кои лесно те напаѓаат, кога имаш можност да им зборуваш на необратените луѓе за Господ Исус Христос. Постои огромна разлика помеѓу вистинското доживување на духовниот плодоносен живот во безбожниот свет, од оној, кога си „продавач на евангелието!" Не, верникот не е должен да застане во светот, за да каже одредени зборови, со кои треба да биде сведок за Христос. Туку, нановородениот христијанин, може да биде сигурен дека веќе пребива во Христос, а од таа позиција со радост ќе зборува за Исус.

Како што им кажал Господ на Своите ученици: *„Кој осшанува во Мене и Јас во него, шој дава многу илод; зашшо без Мене не можеше да сшориші ништо"* (Јован 15:5). Пребивањето во Него и зборувањето со другите за Него, се наша одговорност; а плодот е Негова одговорност!

По денот на Пентекост, учениците не можеле да го задржат својот ентузијазам и радост, имајќи претходно искуство во следењето и зборувањето со нивниот воскреснат Господ. Секаде каде што оделе, тие им говореле на луѓето, дури и на оние кои се однесувале непријателски кон личноста на Христос, за моќните Божји дела (Дела 2:11). Љубопитноста на нивните слушатели се зголемила, и како резултат на тоа, илјадници луѓе се собрале да го слушаат Петар, кој јавно проповедал за темата на Господството на Христос. Додека Тој проповедал, длабока увереност за личниот грев се спуштил врз заедницата. Луѓето, кои од неодамна биле одговорни за распнувањето на Христос, биле засегнати во срцето: *„Мажи, браќа, шшо да иравиме?"* (Дела 2:37). На тој ден личното сведоштво на учениците и јавната проповед на Петар, заеднички предизвикале плод на голема жетва на души!

Подоцна, додека живееле во непријателска средина, учениците повторно се среќавале со Бог на молитвен состанок. „Религиозните" луѓе, кои ги мразеле учениците и нивната порака, им наредиле да запрат со зборувањето за Исус. Порано, во Горната соба, Господ Исус не подучувал курс за индивидуална евангелизација, за да ги советува учениците како да сведочат; меѓутоа, бидејќи тие сега биле исполнети со Светиот Дух, овие ентузијастички христијани спонтано одговориле: *„Зашшо, ние не можеме да не зборуваме за она шшо го видовме и чувме"* (Дела 4:20). Тие повторно биле во присуството на Бог! Нивните срца гореле со реалноста на воскреснатиот Христос. Тие не можеле да замолчат!

Во раните шеесетти, јас и Дороти служевме во местото што беше наречено „Железна завеса.” Како одговор на испрашувањата, за тешкотиите на службата во еден тоталитарен систем, верниот пастор одговори: „Ние сме сега малку по број, но барем знаеме кои сме. Оние кои останаа, го познаваат воскреснатиот Христос и ние сме непобедливи.” (Ваквите испитувања се искуство на некои од моите читатели, но според текот на настаните, ако Господ Исус не се врати брзо, многумина од остатокот ќе бидат повикани да доживуваат сè за Христос, на начин за кој не мислевме дека е возможен.)

Дороти неодамна, во нејзиниот дневник за часот на заедништво запиша: „Но, цената на Неговата смрт, мора да се почувствува со секој здив на Неговиот Дух, што тече низ мене.” Секако, раните ученици ја платиле големата цена на своите смели сведоштва. Но, кога биле затварани бидејќи зборувале за Исус, тие заедно се среќавале во молитва. Читаме: *„И сите се исполнија со Светиот Дух и смело го навестуваа Божјото слово”* (Дела 4:31).

Успешното евангелизирање резултира со поплава, поплава на Светиот Дух од животот на духовно исполнетиот верник, откривајќи им ја на другите реалноста на Христовото присуство.

Кога го читаме Новиот Завет, забележуваме дека евангелизирањето во раната црква, не е само резултат на убедителноста на личноста. Петар немало да биде ислушан од толпата, како проповеда на денот на Пентекост, доколку претходно учениците лично не ги објавувале прекрасните дела на Бог (Дела 2:11).

Кога чистотата, животот и љубовта на Господ Исус Христос тече од срцето на верникот кон очајниот свет, луѓето омекнуваат и подготвени се да ја слушнат Божјата вистина. Затоа, треба секојдневно да се среќаваме со Господ, во светлото на Неговото слово, за да бидеме постојано исполнети со Духот (Ефешани 5:18).

## *ПОПЛАВА НА ЕВАНГЕЛИЗМОТ*

Во раните денови на мојот христијански живот бев дел од заедништво на млади луѓе. Ние со сигурност имавме повеќе „ентузијазам” отколку „знаење”! И покрај тоа (или можеби поради тоа), Бог се потруди да нè употреби помеѓу нашите необратени пријатели. Дозволи ми да ги споделам овие искуства, во кои ние бевме вклучени како млади верници.

**Професионален живот:** Во времето на моето обраќање, работев и студирав во Канцеларијата за градежништво во Градскиот совет. Работејќи во Градското собрание, еден ден бев повикан во раскошната

канцеларија на Градскиот секретар! Таму, бев навистина предупреден: „Слушнав за твоите ‚дополнителни наставни активности'", рече овој шеф на шефовите. Тој веројатно мислеше на евангелските служби, кои ги извршуваа младите луѓе. Секоја вечер, по затворањето на оваа јавна установа, ние одржувавме евангелски служби на отворен простор, во омиленото место за средба во градот. На почетокот, минувачите не застануваа доброволно да слушаат, така што се чувствувавме пријатно кога некој ќе започнеше да здодева на микрофонот. Додека антагонистите му ја отежнуваа работата, другите ќе му се придружеа, додека останатите ќе се собереа да му помогнат на „кутриот човек на бината". Не многу долго, ќе се собереше голема толпа за да проповеда, а некои вечери, еден или двајца ќе направеа чекор за да го запознат Спасителот! Градскиот администратор ме предупреди дека таквиот „фанатизам" не треба да се поврзи во никој случај со професоналниот имиџ на Градското собрание! Тој силно ме предупреди да ги прекинам сите активности од тој вид. Но, бидејќи состаноците на отворен простор започнаа да донесуваат плод, ние младите решивме да продолжиме!

Подоцна, кога се запишав на Библиски колеџ, се сеќавам дека претседателот на колеџот, на неделната служба во црква рече: „Ако не можеш да ја задржиш толпата на отворен простор, не ѝ досадувај на затворената публика во црквата!" Кога го слушнав ова, повторно бев благодарен дека ние младите продолживме со нашиот евангелизам на отворен простор!

Веднаш по моето обраќање, им сведочев на сите колеги од мојата професија, за мојата нова вера во Христос. Но, тогаш се сетив на една личност, поврзана со канцеларијата каде немав можност да посведочам. Тоа беше дамата, што секоја вечер доаѓаше да ги риба валканите подови. Една вечер, откако моите колеги си заминаа, ги пронајдов четките за рибање и кофите. Наскоро, подовите без чисти и чекав на пристигнувањето на чистачката. „Твојата работа е завршена," изјавив со радост. По зачудувачка тишина, таа седна со мене на шолја чај. Секако, во нашиот разговор имав можност да ѝ кажам за Исус. Секогаш ќе се сеќавам на солзите, што потекоа од нејзините очи, додека зборувавме и се молевме заедно.

**Социјален живот:** Исто така, се сеќавам на мојот дваесет и прв роденден, што во тие денови беше многу битен настан во Англија. Таков настан често беше прославуван со богата вечера и игранка. Но, во времето кога имa дваесет и една година, Бог веќе ја презеде игранката од моите нози и ја стави во моето срце. Така, погледнав кон мојата дваесет и прва роденденска забава, која беше организирана од моите родители, како уште една можност да ги

придобијам моите пријатели кон Христос. Следствено, поканив еден евангелизатор на забавата! Поканите до моите необратени деловни колеги и пријатели, објаснуваа дека по оброкот, мојот пријател ќе одржи говор! „Твоето присуство е задолжително, а не твојата појава", беше несоодветната покана на таа картичка. А таа вечер, еден од моите пријатели беше чудесно преобратен!

Подоцна, кога станав помошник пастор во Баптистичка црква во Лондон, младите луѓе никогаш не организираа екскурзија по должината на реката, прошетка во природа, или спортска вечер, без доволно привлечна покана до необратените пријатели. Без исклучок, секоја активност се завршуваше со цврста презентација на евангелието. Зошто да не? Младите луѓе признаваат дека целта на постоењето на нивното заедништво на младите, е првенствено во изградување на себеси во Господ и второ, да ги видат своите пријатели обратени кон Христос. Тоа е мало чудо, дека Заедништвото на младите расте под благословот на Бог.

**Духовен живот:** Никогаш не бев сериозно заинтересиран за проучување на Библијата, пред да се обратам на возраст од деветнаесет години. Како резултат на тоа, на таа возраст знаев многу малку за Божјото слово. Но, откако го прифатив Христос како мој Господ и Спасител, секој понеделник навечер, неколкумина од нас новообратените, се собиравме дома за да ја проучуваме заедно Библијата. Нашата ентузијастичка мотивација беше внесување на Божјото слово во нашите глави и во нашите срца, што е можно побрзо! Дури и во тие рани денови, ние ги одржувавме нашите проучувања на Библијата на основен начин, кој претходно го предложив во оваа книга. Не, ние не гледавме на Божјото слово како на религиозен прирачник, туку како компас за водство во животот.

Како директен резултат на тие проучувања на Библијата, неколку млади луѓе се обратија и заедно ги започнавме патиштата за пренесување на евангелската порака понатаму. Бидејќи никој од нас немаше автомобил, имавме идеја за правење на приколка на велосипед. Еден или двајца од момците кои се разбираа во механика создадоа систем на појачало, целосно надополнет со „грамофон." Во некои од нашите викенди, возевме накај околните села, влечејќи ја нашата приколка и појачалото зад нас.

Многу добро се сеќавам на едно село каде Методистичката црква беше затворена, а нејзините врати заклучени. Во нашиот ентузијазам за ширење на евангелието, ги пронајдовме клучевите, добивме дозвола за користење на зградата, ја исчистивме прашината од клупите, а

потоа продолживме кон Вилиџ Греен со нашиот систем на озвучување. Пред „селскиот паб”, ние поставивме проповедалница и започнавме со служба на отворен простор, со изведба на новата плоча од американскиот пејач Бев Шеа. Тој тукушто ја посети Англија со еден млад човек по име Били Грејм, кој за првпат се појави во селото. Помеѓу песните во госпел стил, ние се менувавме во давањето на личните сведоштва на бината, за нашата вера во Христос како Спасител и Господ. По извесно време, некои од нас се обидоа да им проповедаат на сериозните луѓе, што дојдоа од пабот да нѐ слушаат. На зачуденост на селаните, Господ предизвика исполнување на црквата на крајот од седмицата. Идниот учител во Неделното училиште го пронајде Христос, а подоцна неговата сестра, исто така го запозна Спасителот. Наскоро, вратите не беа повеќе заклучени, а малото Неделно училиште и неделните црковни служби беа обновени.

Павле се обратил кон Тимотеј: проповедај го словото, настојувај во време и во невреме... (2 Тимотеј 4:2). Ако Павле проповедаше денес, тој веројатно ќе му проповедаше на Тимотеј нешто слично на ова: „Ако постои можност за споделување на Божјото слово, стори го тоа; ако не постои можност, создај ја! Не постои време кое е непогодно за проповедање на Словото!” Сигурен сум дека Павле ќе беше критички настроен кон секој вид на нормално библиско поучување, во кое добиеното знаење на студентот нема да се пренесе, на љубезен и охрабрувачки начин, кон луѓето кои никогаш нема да се фатат за вратата на црквата.

Кога ќе ја научиш тајната на преместувањето на Божјото слово од твојата глава во твоето срце, ќе откриеш дека не е потребно долго време, според зборовите на Еремија, Божјото слово да стане оган во твоите коски.

За жал, ако Библијата остане само во твојата глава, можно е да бидеш трагичен човек на Словото, а не човек на Духот. Нема да има оган во твоите коски! Но, додека редовно се среќаваш со Бог во твојот час на заедништво, ќе сфаќаш повеќе и повеќе, дека за тебе е невозможно да бидеш човек на Духот, без истовремено да бидеш човек на Словото!

Да, Бог ни зборува кога го читаме Неговото Слово, и она што Тој го вели, очекува да го споделуваме со останатите. Бог му рекол на Езекиел: ти ќе слушаш слово од Мојата уста и ќе ги вразумуваш од Мене (Езекиел 33:7). Но, нема корист од зборување на другите, сѐ додека први не слушнеме, а потоа лично одговориме на зборовите од Неговата уста.

Постојат многу „адвокати” на христијанството, но за жал, има

само некои од нив кои се способни да го понесат вистинското сведоштво на својот личен однос со Живиот Бог.

Подоцна, од своето сопствено искуство, апостол Јован бил способен со радост да сведочи за реалноста на своето живо заедништво со Христос. Затоа, според нашите очекувања ги поканил останатите да му се придружат во ова интимно заедништво:… *„ш̄а и вие да имаш̄е ош̄ш̄ење со нас. А нашеш̄о ош̄ш̄ење е со Таш̄кош̄о и со Неговиош̄ Син Исус Христ̄ос"* (1 Јован 1:3).

**Духовен преглед**

1. Дали ги признавам местото на кое работам и местото на кое живеам како мое мисиско поле?
2. Дали гледам на луѓето само како можни кандидати за разговор, или во молитва барам за нив нов живот во Христос?
3. Кога последен пат сум го заработил правото да посведочам некому со тоа што сум му помогнал на практичен начин?
4. Дали моите усни се запечатени да зборувам за Исус бидејќи:
   Мојот живот е компромитиран?
   Мојата кариера може да биде загрозена?
   Мојата гордост не сака да се рамни со понижениот и презрен Исус од Назарет?

## *Вечна светлина*

*Вечна светлина! Вечна светлина!*
*Колкава ли чистота на душата,*
*кога, почивајќи во твојот поглед што*
*бара,*
*не се смалува, туку, со тивка радост,*
*живее и гледа на Тебе!*

*Духовите околу Твојот трон*
*може да носат огнена желба;*
*Но таа е само нивна,*
*бидејќи тие никогаш не го спознаа*
*овој паднат свет.*

*О, како ли јас, чија природна сфера*
*е темнина, чиј ум е слаб,*
*да се појавам пред Неискажливиот,*
*и во мојот гол дух да го носам*
*несоздадениот зрак?*

*Постои начин човек да тргне*
*кон таа инспиративна кука:*
*Принос и жртва,*
*сила на Светиот Дух,*
*адвокат со Бог.*

*Тие, тие нѐ подготвија за глетката*
*во светоста над нас:*
*Синовите на заборавот и ноќта*
*нека почиваат во вечната Светлина*
*преку вечната љубов!*

*— Томас Бини (1798-1874)*

ГЛАВА

# 7

# Плодот на оганот

Мојот пријател по име Бенгт, американец со шведско потекло емигрираше во САД. Таму тој стана успешен христијанин бизнисмен. Помеѓу неколкуте служби, Бенгт уживал во превезување на мисионерските авиони кон нивната дестинација, на мисиските полиња. Една година, тој и еден негов пријател, требало да земат еден мал авион за Аљаска за Заедништвото на мисиската авијација (МАФ). Завршувајќи го поголемиот дел од ова патување, неговиот пријател го оставил на аеродромот во Фербанкс, и Бенгт се подготвувал да го заврши последниот круг од ова патување сам.

Пред да тргне, пријателот на Бенгт фрлил еден пакет за прва помош во малиот авион. Тој се состоел од едно чоколадо и топло ќебе. За време на последната етапа од летот, се појавила неочекувана бура. Силните ветрови во планинските масиви на Аљаска, го всмукале малиот авион надолу. Понирајќи надолу, авионот се занесол и се вгнездил на работ од планинскиот гребен. Следните три дена врнело снег, но благодарение на Бог, ветерот го издувал снегот од белиот труп на авионот, спречувајќи да биде покриен. Меѓутоа, бидејќи трупот бил опкружен со снег, кога авионот на Американската воздушна крајбрежна стража ги распрснала своите спасувачки тимови наоколу, малиот авион на Бенгт не бил забележан.

Откако војската ги отповикала своите воздушни тимови за спасување, синот на Бенгт, Брус, добар млад христијанин, заедно со пилот на МАФ, го запрашале Господ да ги води до Бенгт. Во меѓувреме на земјата, Бенгт ослабе и дури успеал да се слика себеси, упатувајќи последен поздрав кон неговите сакани со тенко, но сепак насмеано лице.

Меѓутоа, Бог имал други планови. Додека Брус со својот пријател летале над местото на приземјениот авион, рефлексијата на сончевите зраци од металот на трупот, ги привлекло нивните очи кон локацијата на Бенгт.

Зошто го раскажувам овој настан? Подоцна Бенгт ми кажа дека за време на тие денови, тој живеел на работ на Христовиот суд. Кога повторно го здогледав, ми кажа дека кога бил сам со Бог на тој снежен планински гребен, Светиот Дух му дозволил да го преиспита својот живот на земјата, додека го очекувал својот скорешен повик дома во присуството на Бог. Се чинело дека „Христовиот суд за верните" дошол по него предвреме. Додека неговиот живот прелетувал пред него, Бенгт се присетувал на годините посветени на христијанската служба и се чудел, колкав дел од тоа ќе биде пресметан во вечноста.

Со голема сериозност, Бенгт ми кажа дека сфатил, дека состаноците на црковниот одбор, состаноците на мисионерскиот совет и многу црковни активности, иако ги преземал со радост, тој ги извршувал со телесна сила, врз основа на своите сопствени таленти и способности, а не како резултат на поплавата од исполнувањето со Светиот Дух.

Бенгт рекол дека во тие десет дена, Бог му покажал дека „вредносните" активности се само „дрво, сено и стрниште" (метафорите кои се употребуваат во Библијата се однесуваат на оние денови и дела во нашите животи, што ќе изгорат пред Христовиот суд за верните, и затоа не се вреднуваат во вечноста).

Тоа прекрасно искуство за Бенгт било навистина искуство на пробудување во неговиот живот. Ние што го сакавме и го познававме долго време ја ценевме ревноста, со која тој се внесе себеси во работата на Бог, а подоцна го разбравме неговото мислење, бидејќи неговите изминати години беа разјаснети, не преку неговите сопствени способности и сила, туку врз основа на новата поплава на Божјиот благослов и моќ, преку неговиот живот исполнет со сведоштво.

Христијаните треба да размислуваат трезвено дека ние ќе се појавиме пред Христовиот суд, подготвен за верниците. Христовиот суд треба да се разликува од Големиот бел престол на осудата. Големниот бел престол е местото, каде сите неверници ќе бидат осудени и проколнати во вечна пропаст, додека Христовиот суд за верниците е местото, каде сѐ што не е извршено со вера ќе изгори, а сѐ што е извршено со вера ќе живее вечно за слава на Бог, бидејќи самиот Тој ја завршил работата! Во тој ден, многу христијани ќе откријат, за жал, дека нивните бизниси во црквата и нивната популарност во религиозните кругови, што им претставувало задоволство во животот, нема да се смета во Божјиот ум за вистинска духовна служба.

## *БЕЛИ СТРАНИЦИ*

Пред мене имам две парчиња чиста бела хартија. Двете се празни. Никој сè уште нема нацртано или напишано нешто на нив. Ако погледнеш на нив, нема да видиш ничии испечатени мисли, ниту некаква убава слика. Но, истовремено, нема да видиш ничии грешки! Како што нема убавина, исто така, нема ниту дамка, ниту капка. Само бели страници; ништо повеќе, ништо помалку.

Твојот и мојот живот, може да бидат исполнети со многу денови како и овие страници. Иако еднаш извалкан од гревот, сега поради прекрасната милост на Бог, и преку искупителната крв на Исус, секоја страница од животот на верникот е исчистена. Нема да остане ништо, освен она што е бело како снег (Исаија 1:18). Додека гледам наназад на страниците од мојот христијански живот, се сеќавам со тага, како намерно или ненамерно, со волја или со слабост, грешев и го навредував Светиот Дух. Ако не беше крвта на Исус, овие бели страници ќе беа засекогаш извалкани со грдите дамки на гревот и егоцентричноста. Каква прекрасна милост и благодат, што Бог ја насочил кон мене, така што страниците кои беа некогаш извалкани со грев, сега се бели како снег! Бели страници; но слава на Бог, ниту дамка ниту капка!

Меѓутоа, треба трезвено да се размислува дека она што Светиот Дух не го направи преку мене, нема да се смета во вечноста. Со зборовите на апостол Павле, тие денови на животот може да се опишат како спасен, но така како низ оган (1 Коринќани 3:15). Кога нема поплава на Светиот Дух во мојот живот, иако моите гревови се избришани, преку мојот Господ на простувањето, сè што е постигнато, нема да се смета во вечноста. Бели страници; но за жал, ништо повеќе!

Иако некои од страниците на животот ќе останат засекогаш бели, другите страници ќе имаат запис за постојана слика на прекрасната убавина, страници обоени со Неговите прободени со клинови раце на љубовта, вечно прославувајќи го Него. За секој верник, овие величенствени страници се запис на оние денови кога бевме постојани садови, преку кои вечниот Бог беше способен да ја изврши Својата вечна работа. Да, бели страници; но слава на Бог, уште повеќе!

## *ИЗГУБЕНИ ГОДИНИ*

Колку е трагично, кога оние кои секојдневно го поканувaат Бог да „дојде и да вечера” со нив, ги губат залудо годините на својот живот, наместо да ги поминат во радост на вечното и длабоко заедништво со својот Господ и во донесување на задоволство на Спасителот Лично.

Моето срце се исполнува со тага, кога се потсетувам на еден постар

господин, чие спасение беше обесчестено со повреда при изгубените шанси и на годините, изгубени во површни задоволства на животот. Наскоро по моето обраќање, заедно со неколку млади луѓе кои го примија Христос, заминав во локалната болница за да служам. Секоја втора сабота навечер, ние ја споделувавме пораката на евангелието и се молевме со некои од постарите, кои немаа надеж дека некогаш ќе го напуштат кругот на болницата. Една особена вечер, се преместив до креветот на еден постар маж, кој, како што се претпостави, требаше да почине пред следната саботна вечер на посета.

Откако на кратко ја слушна нашата библиска порака, тој очигледно беше многу трогнат, и со солзи во очите кои се стркалаа низ лицето, чувствувајќи вина откри: „Знам дека сум спасен и дека одам на небото". „Тоа е прекрасно", одговорив јас. Пред да продолжам, тој започна да плаче, не со нескриена радост, туку со болка на внатрешна повреда. Со слаб глас, тој прошепоти: "Да, но не целосно,имам седумдесет и една година, а седумдесет години од мојот живот беа изгубени!"

Како млад новообратен, што можев да одговорам? Не се сеќавам на кој начин се обидував да го утешам, но се сеќавам одејќи дома таа вечер, клекнав на колена и му реков на Господ нешто слично на ова: „Господе, дури и сега гледам кон иднината на животот, што еден ден ќе гледа наназад. Кога ќе дојде времето да одам на небото, не сакам да дојдам со мојата спасена душа и со залудо изгубени години. Вечерва, повторно го предавам мојот живот на Тебе. Се молам да го направиш навистина вреден за вечноста."

Во Стариот Завет, Авакум предупредил дека можно е да се потроши голем дел од силата, а потоа за жал, да се открие дека она што го направивме нема вредност. Кога тој ги информирал луѓето за неговиот ден, дека праведникот ќе живее по вера (Авакум 2:4), исто така ги предупредил за оние кои нема да го применат принципот на верата на целосна зависност од Бог, во однос на активностите на животниот труд, ќе се трудат за оган (Авакум 2:13). Бидејќи овие луѓе го управувале својот град во целосна независност од Бог, не останало ништо освен пепелта. Слично, сѐ што правиме, а не е целосно зависно од Господ Исус Христос, еден ден нема да значи ништо, пред светото присуство на Бог.

Подоцна во Новиот Завет, Павле дава слично предупредување:

*„Ако некој врз оваа основа ѕида злато, сребро, скапоцени камења, дрво, сено, слама, сечие дело ќе излезе на видело; денот ќе го покаже, зашто ќе се открие преку оган; а огнот ќе ја испита вредноста на*

*сечие дело. Оној, кому ќе му остане тоа што го градел, ќе прими награда; а оној чие дело ќе изгори, тој ќе претрпи загуба, а самиот ќе се спаси, но така како низ оган.”* (1 Коринќани 3:12-15)

Седумдесетиедно годишниот господин во домот за старци бил благодарен за своето спасение, но исто така бил многу тажен дека се спасил, како низ оган. Оганот што ќе го изгори дрвото, сеното и стрништето на неговиот живот, е истиот оган што ќе го исчисти златото, среброто и скапоцените камења на оние, кои Светиот Дух ги ослободил со Божјите вечни цигли.

## *ВЕЧНА СВЕТЛИНА*

Вечниот Бог ќе ја изврши Својата вечна работа преку секој христијанин, кој пребивајќи во Христос, ја храни својата вера и го применува Божјото слово во својот живот. Таквите верници ќе бидат способни да се соочат во секој нов ден, во радосното учество додека со доверба сведочат: *„И така, примајќи го царството непоколебливо, да ја пазиме благодатта, со која ќе Му служиме на Бога благоугодно со почит и во страв”* (Евреи 12:18). Ефективен, редовен час на заедништво ќе нѐ охрабри да чекориме во силата на Светиот Дух, а не во силата на нашето тело.

Еден ден, во секаде застапената светлина на Божјото Свето присуство, оние луѓе што ќе бидат отворени садови за работата на Живиот Бог, ќе се радуваат со ненадминлива радост. Да, како што се приближуваме кон Неговата трпеза ден по ден, Бог на Светлината и Љубовта нѐ поканува да уживаме во заедништво со Него. На тој начин, ние ќе станеме Негов канал на светлина и љубов, кон темниот и себичен свет.

**Духовен преглед.**

1. Ако продолжам да живеам на начинот на кој живеам, дали на Судот Христов ќе донесам некаков плод?
2. Кога се молам, пристапувам кон Бог како Вечна Светлина или Го сметам за мој личен добродетел на небото?
3. Дали треба да се молам со молитвата на Давид: *врати ми го животот според Твојот збор (Псалм 119:25)?*

*Скрши од Твојот леб на животот*
*за мене драги Боже,*
*како што Твоите дела ги кршат векните*
*покрај морето:*
*Зад светата страница*
*Те барам Тебе, Господе:*
*Мојот дух копнее за Тебе,*
*О живо Слово.*

*Ти си лебот на животот,*
*за мене, о Господе;*
*Твоето свето Слово е вистината*
*што ме спаси:*
*Дај ми да јадам и живеам*
*со Тебе на престолот;*
*Научи ме да ја љубам Твојата вистина,*
*зашто Ти си љубовта.*

*О испрати го Твојот Дух,*
*Господе, сега кон мене,*
*за да ги допре моите очи*
*и да можам да гледам;*
*Покажи ми ја скриената вистината*
*со Твоето Слово,*
*и во Твојата книга на откровение*
*јас го гледам Господа.*

*— Мери Ен Летбери*

ГЛАВА

8

# Дојди и вечерај

На песочниот брег од Галилејското езеро стоел воскреснатиот Божји Син, сам и незабележан. Можеби утринската роса била таа, што го покривала Неговото кралско присуство, од очите на преморените ученици. Или можеби, нивните духовни очи се заматиле, како резултат на Исусовата брутална смрт на крст.

Не многу далеку од брегот, очајните ученици се собрале заедно во тесниот рибарски чамец. Тие поминале една фрустрирачка ноќ во риболов, без никаков улов. Како дополнителна навреда на тоа чувство, некој запрашал, Деца, дали имате нешто храна? Потоа, од усните на далечната личност на брегот, дојде јасна сезнајна наредба: Фрлете ги мрежите од десната страна на чамецот, и ќе најдете нешто.

Разбудени од овој кошмарен сон, Јован одговорил на познатиот глас и со радост изјавил: Тоа е Господ. Со обновена надеж, учениците ги послушале наредбите на нивниот Господ и моментално мрежите се наполниле со голем улов на риба! Потоа, со неговиот ентузијазам, Петар се нурнал во брановите и ревносно запливал кон својот Господар (Јован 21:11).

На брегот, никој друг освен воскреснатиот Господ на Славата Лично не се одмарал со запален оган. Кога сите ученици се собрале заедно, Исус ги повикал на риба и набрзо Тој зготвил вкусен оброк. Исус ја покажал Својата милосрдна покана кон тие гладни, но радосни мажи: Дојдете да јадете (Јован 21:12).

Тоа е истата милосрдна покана, што ѕвони во коридорот на двата милениума. Утро по утро, Господ Исус стои на брегот на вечноста, сè уште со покана да земеме учество во небесниот оброк, кој внимателно го подготвил. Да, лично Бог, Исус нашиот Господ и Спасител, Кој внимателно го подготвува секојдневниот оброк за нас. Тоа е храна за нашата вера; тоа е Божјото Слово; тоа е Библијата.

Во еден или два моменти, ќе те поканам да „слушнеш” додека се вртам кон Словото, за да го започнам мојот час на заедништво. Го

забележав ова личино време за молитва, само поради доказот за практично охрабрување и неопходна помош за тебе, додека редовно одговараш на милосрдната покана на Твојот Господар „дојди и јади". Од два различни извори, охрабрен сум да го споделам часот на заедништво на вистинскиот живот со тебе.

**Прво.** Мојот пријател, кој со љубезност го прочита текстот од претходните глави, ме советува да го сторам тоа, како соодветен заклучок на оваа книга.

**Второ.** Од време на време, во период од многу години, имав привилегија да сведочам како Бог ги благословил луѓето на посебен начин, откако ги повеле различните групи и цркви во заеднички час на заедништво.

При вакви околности, секој присутен може да земе учество; нема поставување на никакви прашања освен тивка молитва кон Светиот Дух; и никакви проповеди нема да се одржуваат! Ние започнавме секој пат со заедништво преку заедничка молитва, кон повикување на Светиот Дух да биде наш Учител. Потоа, во согласност ќе читаме на глас од избраните библиски стихови. Потоа, ќе се вратиме на почетокот од тој библиски текст и заедно ќе го прочитаме повторно на глас првиот стих. Пред да продолжиме на следниот стих, ќе имаме период од триесет секунди тишина. За време на оваа тишина, секој во молитва ќе медитира на стихот, којшто го прочитавме претходно, за да одреди дали некои од поставените прашања, наведени по оваа глава, се одговорени од тој стих. Со следење на тивкиот периодот на молитва и медитација, секој ќе биде слободен да сподели со црквата, на кој начин Светиот Дух го употребил овој стих во неговото или нејзиното срце. Потоа ќе следи молитва за одговор, од лицето што споделуваше, или од друг член на црквата.

**Во меѓувреме, верувам дека овој метод е многу профитабилен начин за изведување на заедничкиот час на заедништво. Во ова време, исто така ќе им препорачам на читателите кои ја употребуваат оваа книга за групни поучувања, да закажат неколку последователни состаноци, со цел да се нанесат горенаведените сугестии. (За поматамошна помош, обезбедени се прашања на страна 92.)**

Идејата за заеднички час на заедништво првпат е предложена од Томас. Б. Рис, британски евангелизатор, во Празничниот конференциски центар за млади, каде јас се обратив кон Христос.

Прашањата што Том ни ги постави беа варијации на веќе предложените во главата за часот на заедништво.

Многу години од тогаш, голем број на состаноци што ги водев на ваков начин, беа придружувани од необично чувство на Божјото присуство и на Светиот Дух, кои зборуваа во срцата и животите. По ваквата служба во центарот на Баптистичка црква во Викторија, Канада, пасторот забележал, „Тоа беше најблагословената и најзначајната служба, на која присуствував за време на целата моја служба."

Исто така, по неколку дена на служење во Црквата на христијанската и мисионерската алијанса за арапи во Стариот град на Ерусалим (каде поминав неколку денови во поучување на овие принципи, а другите денови го водев заедничкиот час на заедништво), остарените принципи на Канадскиот библиски колеџ, кој тогаш постоел во античкиот град, забележа: „Никогаш не сме биле поблиску до духовниот пробив во Ерусалим!"

На црковните служби, домашните заедништва, библиските конференции и заедништвата на младите, Бог лично ја благослови публиката, како и личниот пристап кон Божјото Слово.

Би сакал да надополнам, додека се обидував да го запишам мојот личен час на заедништво, открив дека е многу потешко да се допре реалноста, сјајот и инспирацијата на моето време на лично заедништво со Господ на хартија, отколку искуството како лична посветеност, или јавниот собир.

Како помош за запишување на следниве забелешки од денешниот час на заедништво, си поставив неколку земни правила!

**Прво.** Нема да дозволам да изберам некои од моите омилени и познати стихови од Библијата! Во мојот секојдневен час на заедништво, го читам второто послание на Павле до Коринќаните.

**Второ.** Следниов запис на денешниот текст од Светото Писмо не е со намера да биде излагање на стих по стих.

**Трето.** За да се направи часот за заедништво поприроден (натприроден), доколку е можно, ќе ги споделам со тебе стиховите што Светиот Дух ми оживеа во моето срце.

**Четврто.** Ќе споделам со тебе, како Божјиот глас беше донесен во личниот фокус, откако со молитва медитирав кон Божјото слово, со употреба на некои веќе предложени прашања.

Додека ги споделувам моите размислувања со тебе, ќе разбереш дека секој час на заедништво е моќно лично искуство. Свесен сум дека твоите денешни околности не се исти како моите. Исто така сум свесен дека моите денешни околности нема да бидат како оние по шест месеци. Во Неговата голема љубов, Бог нè среќава и ни зборува таму каде што сме, не таму каде што бевме, или каде што ќе бидеме, не каде што е некој друг, туку каде што сме ние! Кога го читаш следниов запис, ќе почувствуваш целосно различни околности од мој аспект. Бидејќи Бог ќе ти говори во однос на твоите сопствени потреби и околности, дадена ти е лична и секојдневна покана од Господ, да дојдеш и да вечераш.

Секако, Библијата не е само Божјото Слово, кое е живо и моќно во нашите срца, туку исто така и индивидуално Слово за секој од нас! *„Зашто Божјото Слово е живо, делотворно... и е способно да ги суди намерите мислите и намерите на срцето"* (Евреи 4:12). Што може да биде полично од ова?

Те поканувам да слушаш, додека ја отворам мојата Библија во 2 Коринќани, глава 1. Те молам, отвори ја Библијата со мене.

**Точно е 5:00 часот, ја затворив мојата врата и ја отворив Библијата, за да бидам насамо со Бог.**

Некои од околностите што го опкружуваат мојот денешен живот, додека доаѓам во присуството на Бог со отворена Библија и отворено срце, се:

● Лично сум загрижен за постојаната и зголемена болка на Дороти. Во последните неколку недели станува сè поочигледна.

● Загрижен сум, исто така, дали здравствената состојба ќе биде фактор на одлука, во завршување на плановите за нашата договорена служба оваа есен или не. Често во минатото, кога ја гледав Дороти како страда на најнеобични начини, поради нашите долги, тешки мисионерски патувања, ѝ реков, „Дороти, никогаш нема да те изложам во ваква ситуација повторно". Но потоа, на еден или друг начин, Бог го излеа својот благослов врз нашата заедничка служба, и заедно рековме, „Тоа е толку чудесно и вредно!" Што сега, Господе?

● Од голема тежина за моето срце е денешнава ситуација во Кенија, каде Бог беше милостив да ја благослови нашата служба во минатото. Целата ситуација во земјата е кајно нестабилна, со вртоглава инфлација. Би сакал да направиме повеќе за многуте народи кои тука верно му служат на Христос.

- Постојат одредени членови од семејството на Дороти и од моето семејство, кои предвреме починаа, или се сериозно болни. Поради нашите комплицирани и понекогаш непредвидливи распореди, и поради хроничните и физички сериозните ограничувања на Дороти, ние не бевме во состојба да им покажеме практично колку се грижиме за нив.

*Молитва*

Татко, те славам ова утро што ме разбуди толку рано. Верувам дека твојата цел не е само желбата да му зборуваш на моето срце на посебен начин, туку исто така посакуваш да го благословиш секој кој подоцна ќе слуша, за време на споделувањето, за она што сакаш да ми го кажеш преку Твоето Слово.

Ти знаеш, драги Господе, дека не можам да ги заборавам оние луѓе кои подоцна ќе ги читаат овие записи, за да бидам свесен само за Тебе. Затоа, на еден посебен начин се молам да го помазаш моето срце, мојот ум и мојот молив со транспарентност, реалност и со вистинско чувство на личната интимност со Тебе.

Повторно потврдувам во твое присуство, дека мојот живот е скриен со Христос во Бог. Ти благодарам за ваквите прекрасни охрабрувања. Исто така те славам, дека, иако овој запис што го пишувам со моите раце, овде на земјата може да биде пристрасен од мојата лична перспектива, на небото Ти си мојот Голем Првосвештеник и ќе ги претставуваш моите молитви и славења пред престолот на Таткото, според Твоето совршено знаење и волја. Така, со големо очекување се враќам кон Твоето Слово ова утро. Отвори ми ги очите овој ден, за да ги видам чудесните работи во Твоето Слово.

Драг читателе, денес завртив на 2 Коринќани, глава 1, а потоа внимателно ја читав целата глава. Го направив тоа со дискретен глас и без долги паузи. Те поканувам да го сториш истото.

Кога предходно ја прочитав главата на овој начин, станав свесен за Павловиот пример на водство, како слуга на Христос. Сега ми е јасно дека повеќето од моето време поминато со Господ, ќе ми одговори на прашањето:

**Дали овој стих е пример за следење?**

Од читањето на целата глава моето срце е насочено кон Светиот Дух, во следењето на благородните примери на Павле. Јас сакам

да бидам подобар слуга на мојот Господ. Пред да продолжам да медитирам стих по стих низ целата глава, ќе му го кажам тоа.

*Молитва*

Господе Исусе, искрено сакам да бидам способен да ја рефлектирам службата кон Тебе во мојот живот, со слично задоволство што го почувствував во сведоштвото на Павле, кое тукушто го прочитав. На илјадници начини си ги излеал Твоите благослови во мојот живот и јас сум тажен кога признавам дека многу често, тоа било еднонасочно. Моето срце станува свесно за изразувањето на мојата желба на заедништво со Тебе, но потоа, кога ми даваш можност да го споделам заедништвото на Твоите страдања, завршувам како плашливец. Како што медитирам врз овие стихови повторно, те молам покриј ме со Твоето присуство и Твојата моќ, и допри го мојот живот повторно на еден трансформирачки начин, за да бидат моите себични навики засекогаш и радикално изменети во Твоето драго Име.

Сега, ќе се вратам и ќе ја прочитам истата глава стих по стих, и мисла по мисла. Правејќи го тоа, ќе продолжам да се молам Светиот Дух да не дозволи да ја пропуштам пораката, што Бог сака да ја стави во моето срце, како одговор на мојата молитва. На овој начин, мојот двонасочен разговор со Бог ќе започне. Јас се потсетувам себеси дека при медитирањето на секој стих, морам да бидам внимателен да не го форсирам секој стих, со којшто претходно се запознавам. Денес, можеби Бог сака да го оживее тој стих во моето срце на еден нов и посебен начин.

**Дали во овој стих има свежа мисла за Бог Таткото?**

*Читање*

**Стих 3.** *Татко на милосрдноста и Бог на секоја утеха.*

Денес, особено забележав дека оваа изјава за Татковството на Бог е проследена со друга реченица за Божјото Татковство, пронајдено во стих 2. Додека гледав на мојата тривијална реченица, открив дека стихот 2 може да се преведи вака: Бог и Таткото на нашиот Господ Исус Христос. Помисли само на ова: Бог и Таткото на Господ Исус Христос е исто така мој Татко на милоста и утехата. Поради мојата утеха, мојот Татко на небото ја зголемил Својата благодат и мир врз мене.

*Молитва*

Татко, се поклонувам пред Тебе со благодарност и слава. Ти благодарам за Твојата „благодат". Ти си ја зголемил во моето срце, кое вечно ти припаѓа, Твојот „мир!" Иако Твојата благодат, мирот, смиреноста, хармонијата што засекогаш постојат во она што Си ми припаѓаат мене денес! Алелуја! Преку Твојот Свети Дух, се молам, служи му на моето изгубено срце. Додека се поклонувам во Твоето свето присуство, се молам исполни ме со смиреноста и мирот на Твоето присуство.

*Читање*

**Стих 4.** *Кој нè утешува во секоја наша неволја, за да можеме и ние да ги утешуваме оние што се наоѓаат во каква и да е неволја, со утехата со која Бог нè утешува нас самите.*

Додека медитирам врз сведоштвото на Павле, забележав некои други зборови, кои тој ги употребил во контекст на „утехата", што ја примил од својот небесен Татко. Тие се: „тешкотија", „тага", „неволја", „страдања" и „казната со смрт". Светиот Дух го привлекуваше моето внимание кон фактот, дека овие искуства се далеку од вообичаениот концепт на „утехата".

Како што читам, забележав дека Павле исто така сведочел дека сите тешкотии во животот се дозволени од Бог, поради една единствена цел: да не веруваме во себеси, туку во Бог кој ги воскреснува мртвите. Исто така забележувам од стихот 4 дека причината, поради која Бог ја излеал Својата утеха кон Павле, не е да му овозможи удобност, туку да може да биде утешител на другите. Морам да се молам за ова!

*Молитва*

Да Господе, знаеш за моментите во мојот живот кога искрено сакав да донесам утеха и поддршка во животот на повредените луѓе. Толку многу сакав да ѝ служам на Дороти во Твојата утеха, додека постојано страдаше во нејзиното тело.

Премногу често, се чинеше дека земав повеќе од неа, а помалку ѝ служев со Твојата благодат и мир за нејзина утеха и поддршка. Те молам, прости ми за моите себични патишта и исполни ме повторно со желба да служам, а не да бидам послужен.

И, додека размислувам за илјадниците повредени луѓе, кои живеат во изолирани и тешки услови, каде гладот, болестите и смртта преовладуваат, се молам Твојата благодат и мир да бидат толку нагласени во моето срце, и дека Твоето присуство ќе биде толку очигледно во мојот живот, за да го употребам за подигање на бремињата од другите, и за утеха на оние луѓе кои живеат во такви ужасни услови.

Но, дури и кога се молам, Господе Исусе, разбирам појасно како Твојата утеха се појавува во секоја тешкотија на животот, без разлика на тежината, и дека преку Твоето љубезно срце не треба да имам доверба во себеси, туку во Тебе.

Така, Божјото Слово ќе навлезе моќно во мене. Сфатив дека и службата на Павле била опкружена со сериозни потешкотии, за да му ја одземат самодовербата. Зошто тогаш треба да се поплакувам, доколку во Својата љубов, Бог избере да ми одговори на молитвата, дозволувајќи им на конфузијата и опасноста да се справат со мојата гордост?

*Молитва*

Да, Господе, сакам да ти заблагодарам за Твојата служба на љубовта во мојот живот. Иако е тешко да се запише оваа молитва, за да можат другите да ја прочитаат, јас сум охрабрен дека Павле бил јасен за овие вистински тешкотии, пред оние кои ги љубел. Тој не го затворил своето сведоштво за добрите работи во животот, така што денес од дното на моето срце, јас ќе те славам за секој осамен момент во мојата служба кон Тебе, за секоја тага што Си дозволил да ми се испречи во животот, за секој пат кога сум бил погрешно сфатен, за секоја глупава и грешна постапка во мојот живот, за секоја околност што ме опседна откако згрешив, бидејќи верував во себеси, а не во Тебе. Сега, Господе Исусе, во Твоето Свето присуство, јас се поистоветувам со Павле, дека нема да верувам во себеси, туку во Тебе.

Господе, пред некој ден ги читав Павловите зборови: Бог ни е доволен. Ова утро потврдувам во вера дека Ти и само Ти си ми доволен. Драги Боже, во зборовите на Писмото што се отворени пред мене, те славам Тебе, затоа што ме ослободи; и дека ме ослободуваш; и

> повторно ќе ме ослободуваш, од самиот себе! Ти благодарам Господе Исусе, за тоа големо спасение!
>
> Сега, Господе, додека Светиот Дух го зајакнува моето срце со Твојата утеха, со очекување те молам да ме употребиш денес на практични и љубезни начини, за да ја донесам Твојата утеха и помош на луѓето кои ќе ги сретнам денес, што имаат потреба од Твојата љубов.

*Читање*

**Стих 11.** *Со помош на вашите молитви за нас… преку многумина.*

Се прашувам, каква би била Павловата служба, доколку многумина не го подигнале кон Бог во застапничка молитва. Исто така, се прашувам, каде би бил денес, доколку ги немаше моите бројни пријатели, кои заедно ми помагаа во молитвата.

*Молитва*

> Татко, Не можам да ја разберам Твојата огромна љубов кон мене, која ја стави на срце на многу Твои деца да се молат за мене и Дороти. Како можам да Ти искажам благодарност за таа прекарасна љубов?

Сега, особено ги посветувам некои од овие пријатели кон Бог, во време на застапничка молитва. Правејќи го ова, се обидувам да се молам за нив во светлината на Писмото што Светиот Дух го запали во моето срце и живот, барајќи од Бог да ја донесе Својата Лична утеха (сила) во нивните срца и животи, додека потполно ја ставаат својата доверба во Него.*

*Читање*

**Стихови 15, 17-18.** Сакав да дојдам напрвин кај вас… да не се моите намери телесни… нашето слово кон вас не е и „да” и „не”.

Размислувај за овие мисли. Павле сведочел дека неговата грижа да отиде во Коринт по втор пат, била со цел да им даде „утеха”, „поддршка” и „помош“ на светиите што ги љубел. Тој не сакал да оди таму за да прима од нив; туку, сакал да им даде. Тој исто така сведочи дека неговиоте планови за патување не се лесни. (Забележав

---

* Те молам заврти на страните 94 и 95 за понатамошни совети, како помош во застапничката молитва.

дека не се спомнува кој ќе ги плати неговите патни трошоци, парите не играат улога при неговото патување.) Секако, личната предност не се спомнува во неговата одлука да отиде во Коринт.

*Молитва*

Преку Твојот Дух, и преку Твоето Слово, драги Господе, покажи ми го секој погрешен мотив на срцето, што ќе ја угасни работата на Твојот Свет Дух, кога одлучувам што е Твојата волја, во однос на мојата служба оваа есен. Се чини, Господе, дека иако христијаните од Коринт погрешно ги разбрале мотивите на Павле кога одлучи да го промени својот план за патувањето, тој бил убеден само преку водството на Твојот Дух. Но, Ти благодарам, Господе, дека иако Павле рекол „да", а потоа го променил својот одговор во „не", во врска со своето патување, Словото што го проповедал не било никогаш „да", а потоа „не", бидејќи во Христос е секогаш „да", непроменливо и вечно. Не постојат промени во Твоето срце, Господе; Божјото Слово, проповедано од Павле е вечно потврдено во Тебе. Ти благодарам, Господе, бидејќи Ти си цврста карпа во мојот свет, во мојот свет каде околностите се променуваат многу брзо, каде плановите мора да се направат, а понекогаш и променат. Господе, сакам да ги познавам Твоите планови. Спаси ме од одлуките кои доаѓаат од бескорисност или опортунизам. Се молам да ми овозможиш да чекорам во заедништво со Тебе, секој ден.

**Дали во овој стих им изјава на ветување?**

*Читање*

**Стих 20.** Бидејќи Божјите ветувања, колку многу и да се, во Него (Христос) се „да". Затоа преку Него и ние самите велиме „Амин" за слава на Бог.

*Молитва*

Преку нас, Господе? Ветувањата на Бог, преку нас! Ветувањата на Бог во Христос? Сите ветувања на Бог во Христос, Господе? Да, Господе, Ти благодарам. Ова утро во Твоето Свето присуство сакам да го запишам моето „да" и амин на тоа, Господе! О Боже, не можам да замислам, што сè имам од тебе во Христос. Навистина, не можам да замислам колку би бил празен мојот живот без Тебе, драги Господе. Денес, Господе Исусе, потврдувам дека Ти си сè што ми треба, додека

се соочувам со денешните потреби и сите свои спротивставувања, тестови и одлуки.

Сега поминувам време во обожување и славење мој Господе, додека мирот тече низ мојата душа. Не ги знам специфичните одговори на моите молитвени потреби, но тоа не е важно, бидејќи го имам Божјиот мир во срцето. Поминувам непроценлив час на заедништво со мојот Господ. Слава Му! Сега, додека минувам низ денешницата, Бог ми подари скапоцена храна од Своето Слово, врз кое мојот ум и срце може да се рефлектира, кога подоцна ќе се соочам со потребите на денот.

**Така, постојано да се сеќаваме на водечката и основната должност, за која секој од нас мора да биде присутен секое утро, за да ја „прими нашата душа во среќната околност пред Бог".**

**Колку е прекрасно да се знае, дека секој ден Господ Исус ја проширува Својата лична покана за тебе. Повикувајќи го твоето име, Тој љубезно те поканува да дојдеш и да вечераш!**

**Твојата вистина е непроменлив став;**
**Ги спасуваш оние кои те повикуваат;**
**На оние кои го бараат твоето добро;**
**На оние кои те наоѓаат, сѐ во сѐ.**

**Те вкусуваме Тебе, О Ти Жив Лебу,**
**И долго ќе го славиме Твојот спокој;**
**Пиеме од Тебе, Фонтано,**
**жедните души со Тебе да ги напоиме.**

**Бернард и Клерво**

**Време заедно**

Еве неколку прашања за да си ги поставиш додека размислуваш за секој стих во текот на твоето секојдневно читање на Библијата:

Дали во овој стих има:

Грев  кој треба да се избегне?
Предупредување кое треба да се забележи?
Заповед која треба да се изврши?
Добар пример кој треба да се следи?
Лош пример кој треба да се избегне?
Нови мисли за Бог Таткото?
Нови мисли за Бог Синот?
Нови мисли за Бог Светиот Дух?
Нов поглед во целите на сатаната?
Нов поглед во суптилните инструменти на сатаната?

*И бидеше извршители на Словото, а не само слушатели кои се мамат себеси. А кој ќе се загледа во совршениот закон, законот на слободата и остане во него, не како заборавлив слушател, туку како делотворен извршител, тој ќе биде блажен во она што го врши.* (Јаков 1:22,25)

*Забелешка:* Формално проучување на Библијата не е апсолутно важно, но времето заедно е најважно во твојот духовен растеж.

**Проучување на Библијата**

Еве неколку дополнителни прашања кои можеш да си ги поставиш во врска со текстот од Библијата кој штотуку си го прочитал, за да можеш да имаш навистина корисно проучување на Библијата:

За кого зборува овој текст?
Од каде е напишан овој текст?
За која цел е напишан овој текст?
Во каква ситуација бил напишан?
Како овој текст се вклопува со она што е пред и по него?

*Труди се да се покажеш себеси проверен пред Бога како работник, кој не треба да се срами, кој правилно го образложува словото на вистината* (2 Тимотеј 2:15).

Забелешка. Формално библиско поучување не е апсолутно неопходно за секој ден, но секојдневниот час на заедништво е неопходен за твојот духовен раст.

## *ДНЕВЕН ВОДИЧ ЗА МОЛИТВА*

За да ѝ помогнам на мојата жена Дороти и себеси, во нашата секојневна застапничка молитва, треба да го следиме секојдневниот циклус, првпат предложен од евангелистот Томас Б. Рис, откако се обратив кон Христос пред 50 години.

Откако ги нахранив нашите души со Божјото слово и се молев од главата до срцето, застапничката молитва станува фундаментална. Наместо секојдневната автоматска рутина, застапувањето за останатите станува пролонгирано и свежо време на благодарност, застапништво и грижа за нив. Иако немаме документиран список на молитвени грижи на овој начин, му веруваме на Светиот Дух во проширувањето на нашето време на молитва, во прегратка на сите директни потреби, какви и да се.

„Не грижете се за ништо, туку во сѐ, преку молитва и благодарност, искажувајте ги своите барања пред Бог." (Флп. 4:6)

Забелешка. Дневниот водич што следи за молитва не ги вклучува грижите на индивидуалната природа, кои може да се појават врз секојдневна основа.

| | |
|---|---|
| Понеделник — Мисионери: | Мисионери, за чии служби Бог нѐ заинтересирал и нѐ вклучил. |
| Вторник — Благодарност: | Особено време на благодарност и славење за она што е; за сѐ што Тој сторил, за сѐ што ќе стори и за сѐ што ни дал. |
| Среда — Работници: | Пастори; Евангелисти; Библиски учители и христијански работници. |
| Четврток — Задача: | Домашни одговорности; службени задачи, финансиски должности итн. |
| Петок — Семејство: | Нашето семејство и фамилија, нашите роднини, заедно со оние кои ни станаа омилени на Дороти и мене, и нашите сопствени деца и внуци во Христос. |

Сабота — Грешници: Службата на Твојата потрага за Бог околу светот; луѓето кои ги среќаваме на улица и им сведочиме членовите на семејството вон Христос итн.

Недела — Светии: Оние луѓе, за кои знаеме дека неодамна го пронашле Спасителот; молитвените партнери преку кои Бог ги допрел нашите животи; прогонетата црква, за кои внимателно бараме информации и, пробудувањето во денешната црква.

**www.ccim-media.com**

---

***Ако имаш потреба од поцелосно објаснување на Божјиот пат на спасение, авторот ја напишал книгата, „Твојата потрага по Бог", само за тебе.***

## *Твојата потрага по Бог*
### *Твојот алат за Евангелизам*

---

# *Содржина*


**Предговор** ........ **4**
**Вовед** ........ **5**

**1. Дневна радост** ........ **9**

**2. Главата и срцето** ........ **15**
**Главата** ........ **16**
**Срцето** ........ **19**

**3. Подготовка со молитва** ........ **25**
**Клекни на колена** ........ **26**
**Соголи го срцето** ........ **28**
**Мојата небесна перспектива** ........ **35**
**Мојот проблем на земјата** ........ **38**

**4. Час на заедништво** ........ **45**
**Одговор на послушноста** ........ **46**
**Оправдание на верата** ........ **48**
**Реалноста на славењето** ........ **50**
**Артилерија на Словото** ........ **52**

**5. Фактор на верата** ........ **59**

**6. Време за говорење** ........ **67**
**Поплава на евангелизмот** ........ **69**

**7. Плод на огнот** ........ **75**
**Бели страници** ........ **77**
**Изгубени години** ........ **77**
**Вечна светлина** ........ **79**

**8. Дојди и вечерај** ........ **81**
**Додатоци**
**А. Заедничко време** ........ **92**
**Б. Библиска поука** ........ **93**
**В. Дневен водич за молитва** ........ **94**